# ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ПРОЦЕНКА НА ПОТРЕБИТЕ НА МЛАДИТЕ ВО ГЕВГЕЛИЈА

ОТВОРЕНА ПОРТА / ЛА СТРАДА

отворена порта

**Проценката е изготвена  за потребите на НВО  ЛА СТРАДА од  консултантски тим  :**

**Соња Кипровска и Весна Самојловска**

*Прирачникот е изработен со финансиска поддршка на Канцеларијата на УНИЦЕФ, Скопје. Ставовите изнесени во овој прирачник се на авторите и не мора да се совпаѓаат со ставовите и политиките на УНИЦЕФ.*

# СОДРЖИНА


Резиме....................................................................................................4
ВОВЕД....................................................................................................6
2. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА НА ПРОЦЕНКАТА ....................................................8
3. АНАЛИЗА НА НАОДИ....................................................................................8
3.1.Меѓународно и домашно законодавство ......................................................8
3.1.1.Конвенција за правата на детето ( КПД)....................................................9
3.1.2.Устав на Република Македонија..................................................................9
3.1.3.Закон за семејството......................................................................................9
3.1.4.Закон за социјалната заштита........................................................................9
3.1.5.Закон за заштита на децата .........................................................................10
3.1.6.Закон за правда за децата ............................................................................10
3.2.Програми и стратегии.....................................................................................11
3.2.1. Национална Програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 .....................11
3.2.2. Национална Стратегија за превенција од малолетничко престапништво.............11
3.2.3. Стратегија за демографски политики на Република Македонија 2015-2024 година 11
3.3. Стратегии, студии за млади ..........................................................................12
3.3.1. Национална Стратегија за млади 2016-2025 година.......................................12
3.3.2.Студија за младите во Република Македонија - 2013 ......................................12
3.3.3. Како да се разбере младинската работа во заедницата ..................................13
3.4. Анализа на состојбата во општина Гевгелија...................................................14
3.5. Наоди од теренската работа .........................................................................19
3.5.1.Наоди од спроведените интервјуа:.................................................................20
3.5.2.Наоди од анкетите .........................................................................................23
3.5.3.Наоди од фокус групите..................................................................................39
4.ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ.................................................................................43
5.ПРИЛОЗИ ...........................................................................................................47

**Резиме**

Република Македонија од своето осамостојување па низ годините што следат, го покажа своето гостопримство и заштита на бегалците од околните држави, како и на бегалците, мигрантите од Сирија, Авганистан кои започнувајќи од 2013 година се движеа низ т.н., Балканска рута,, а со засилен интензитет и бројност во 2015 година и 2016 година (само во еден ден се регистрирани и по 10 000 бегалци) меѓу нив и голем број непридружувани/одвоени деца. Одговорот на оваа бегалска ситуација беше организиран преку воспоставување на Прифатен центар во Винојуг во Гевгелија, и Транзитен центар Табановце, каде се обезбедуваа клучните услуги за бегалците, храна, други предмети, вода, хигиенски и санитетски услови, здравствена заштита, итн. и тоа преку: ангажирање на мобилни тимови за идентификување на ранливите групи во и надвор од прифатните и транзитните центри; идентификување и упатување на посебните случаи (бремени жени, непридружувани малолетници, изгубени деца, жртви на трговија со луѓе, итн.); обезбедување психо-социјална поддршка и правна помош; посебна нега за деца и жени во простории прилагодени за деца, итн. Во обезбедувањето на наведените услуги се вклучија домашните институции и меѓународните и домашни хуманитарни организации. Со затворањето на рутата одреден број на бегалци/мигранти (од 200 па до 30) се ,,заглавени,, во Македонија, со ограничено право на движење и со неизвесност за нивната иднина. Дел од нив се наоѓаат во прифатниот центар Винојуг – Гевгелија во кој регион има ограничени услуги за деца и млади воопшто, кои би биле одговор на локалната заедница на потребите ( психосоцијална поддршка, едукативни активности, креативни, спортски и рекреативни и културни активности ), на децата и младите во центарот Винојуг.

Оваа Проценка е иницирана од овие состојби и ќе се обиде да даде одговор на идентификуваните недостатоци во системите во РМ (со посебен акцент на општина Гевгелија) кои се одговорни за заштита на деца и млади во ризик од најразлични причини, деца со или без придружба кои доброволно или присилно се движат во државата или помеѓу државите, без разлика на земјата на потекло, државјански статус, национална припадност, пол и сл.

Република Македонија е потписничка на бројни меѓународни конвенции, а пред се на Конвенцијата за правата на детето и со тоа државата гарантира и обезбедува услови за живот, опстанок и развој за секое дете без разлика на потеклото и припадноста кон државјанство, земајќи го во предвид најдобриот интерес на детето.

Во своите развојни документи и нормативна рамка посветува посебно внимание на младите лица и децата во ризик во однос на планирање на мерки и форми на заштита, развој на ресурси како одговор на потребите на овие таргет групи.

Општина Гевгелија е во фокусот на нашиот интерес како општина која покажува иницијативност во однос на креирање на услуги согласно потребите на младите, поддршка на ризичните групи граѓани, семејства и деца и како погранична општина која се наоѓа на балканската бегалска рута.

Општина Гевгелија е општина која во своите приоритети како таргет група ги има младите (изготвена Локална младинска стратегија (2010-2015 година) и

семејствата/децата во социјален ризик за кои дава поддршка и издвојува средства од општинскиот буџет .

Со оглед на спецификите на оваа општина, нејзината транспарентност во работењето и покажаната иницијативност за младите и децата во ризик, како и искуството од непосредната бегалска криза со мигрантите и ризиците на кои се изложени непридружуваните/одвоени деца и деца во движење, се оцени за потребно да се направи проценка на потребите на овие таргет групи.

Проценката има за цел да фрли светлина врз актуелната состојба во општина Гевгелија во однос на потребите на младите и децата во ризик, да направи проценка на нивните потреби од специјализирани заштитни сервиси, да ги идентификува постојните ресурси во општината, да ги идентификува заинтересираните страни и да даде препораки за развој на нови услуги. (*Описот на целните групи е даден во прилог 1*)

Процесот на изготвување на Проценката беше отворен и партиципативен, проследен со интензивни консултации со поголем број на релевантни субјекти кои на различни начини и на различни нивоа учествуваат во креирањето, спроведувањето и/или следењето на состојбите со младите лица и децата во ризик. При изготвување на Проценката се обезбедија консултации со претставници на јавни институции на државно и локално ниво, со претставници на граѓанското општество, претставници на младите и со семејства/родители на деца во ризик, преку анкетирање, индивидуални интервјуа и фокус групи. Периодот во кој се реализира Проценката (август – септември 2017 година) е период кога во државата се водеа јавни дебати, дискусии, беа иницирани постапки за референдумско изјаснување на населението во одредени локални заедници во однос на содржината на предлог Стратегијата за интеграција на бегалци и странци 2017- 2027 година, како и во атмосфера на подготовка на локални избори кои се одржуваат на 15 октомври 2017 година.

Општината, институциите на локално ниво, граѓанскиот сектор, како и самите млади и родителите на децата во социјален ризик се заинтересирани за развој на услуги на локално ниво согласно утврдените потреби, кои ќе бидат одржливи и во континуитет, а не само краткотрајни проекти.

Од консултацијата со сите заинтересирани страни може да се констатира дека во општината недостасуваат ресурси и услуги наменети за младите и децата/семејствата во ризик, општината е заинтересирана во простори/објекти со кои располага да се развијат услуги кои ќе одговорат на потребите на таргет групата. Надлежните јавни институции ја поддржуваат иницијативата за отворање за услуги за млади и деца/семејства во ризик со што би се обезбедил плурализам во услугите, а со тоа и можност за задоволување на потребите на индивидуално ниво во заедницата.

Граѓанскиот сектор препознава можност за своја иницијатива и учество во развој на програми и проекти за таргет групата.

Младите очекуваат да добијат нивни, младински простор, простор во кој ќе можат да ги задоволуваат своите потреби, да бидат информирани за важни прашања од нивниот живот, да добијат можност да ги искажуваат и развиваат своите потенцијали и лични компетенции, преку врсничка едукација да ги разменат со своите врсници, но и со стручни

лица, да можат да се рекреираат и дружат низ разни програми од нивен интерес. Ваков младински простор – Центар функционира во Кавадарци, како проект во рамки на Младинската асоцијација Креактив.( *поопширни информации – прилог 2* ).

Овој младински простор би бил одговор на локалната заедница кон потребите на децата и младите во движење, деца на улица. непридружувани/одвоени деца, деца и млади кои користат услуги од сместување во центарот Винојуг.

Семејствата на децата во ризик очекуваат да добијат можност низ разни програми и групи за помош и поддршка да ги зајакнуваат родителските капацитети, преку вклученост на нивните деца во разни програми да се овозможи интеграција, прифаќање и дружење со други деца и млади.

Согласно законските и развојни документи, искажаните потреби на таргет групите упатуваат на потреба од развој на *„ИНТЕГРАТИВЕН ЦЕНТАР“* како простор за ,,средба“, на таргет групите со разновидни програми, разни нивоа на поддршка, можност за искажување на младинскиот активизам и волонтеризам. Проценката упатува дека согласно потенцијалите, капацитетите, надлежноста и заинтересираноста на чинителите, оптимално е во формирањето, основањето, менаџирањето, обезбедувањето услуги, да се направи партнерство на локалната самоуправа, институциите на локално ниво, граѓанскиот сектор, бизнис заедницата, поединци кои поседуваат компетенции за работа со таргет групите.

## ВОВЕД

Младата популација во Македонија како и младата популација ширум светот припаѓа на генерацијата позната во светот како Милениумска генерација, за која се верува дека поседуваат уникатен сет на вредности и преференции бидејќи овие млади луѓе се сведоци на многу општествени и економски трансформации во нивното неодамнешно минато и се генерација која е израсната во период на иновациско-технолошка кулминација. Младите ширум светот, од Балканот, и од земјите на поранешна Југославија, се сведоци на голем број на настани: граѓански војни, создавање на нови независни држави, долг процес на транзиција, приватизација на општествената сопственост, визна забрана и визна либерализација, висока стапка на невработеност и сиромаштија - наспроти инстант-збогатување, мноштво политички и владини промени. Од друга страна, пак, во исто време се одвива ера на иновација на компјутери, мобилни телефони и Интернет, што претставува своевидна револуција и почеток на нов, модерен начин на живеење, по што се карактеризира 21 век.

Младите се оние кои го имаат потенцијалот да направат промена и подобрување на економијата и демократијата, а истовремено тие се следната генерација на лидери, политичари, едукатори, вработени и работодавачи, граѓани на Европска Унија и светот.

И Македонија не е исклучок од вакви историски настани и случувања и низ својот развој од последните децении од минатиот век, па наваму ги искусува општествено економските промени, развојот на демократијата и политичкиот плурализам, транзиции, демографски промени, движење и миграции на населението.

Актуелните демографски трендови со кои се соочува Македонија се манифестираат во намалување на бројот на родени деца и на природниот прираст на населението, пораст на миграцијата во странство како и интензивирање на процесот на демографско стареење кое резултира со учество на старите луѓе во вкупното население. Исто така Македонија

се соочува со изразена регионална нерамномерност во растот на населението како и со изразени разлики помеѓу урбаните и руралните средини.

Според податоците од последниот Попис на населението, домаќинствата и становите во 2002 година, Република Македонија има 2,022,547 жители, а според проценката на населението (состојба 31.12.2015), во Република Македонија има 2,071,278 жители. Процентуалното учество на жените и на мажите во вкупното население е речиси подеднакво, 49.9 % од населението се жени, а 50.1% се мажи.

Вкупниот број на млади луѓе на возраст од 15 до 29 години во Република Македонија изнесува 465.021 или 23% од вкупното население. Според податоци од Државниот завод за статистика 16 087 деца се регистрирани во системот на социјална заштита како деца изложени на некој/некои социјални ризици, што значи дека дел од тие деца се корисници на парични права од социјална или/и детска заштита, или пак се корисници на услуги во системот на социјална заштита (дневни услуги, резиденцијално сместување, услуги од поддршка за живеење во пошироко семејство, советување и сл.).

Република Македонија преку своето законодавство вклучувајќи ги и одредбите на Конвенцијата за правата на детето и други релевантни меѓународни документи, обезбедува посебна грижа, заштита и помош на семејството, предвидувајќи услови за почитување на најдобриот интерес на децата согласно нивните потенцијали и потреби во сите сфери на нивниот раст и развој (образование, здравствена и социјална заштита), како и правото на детето на семејство.

Како земја која е потписничка на бројни меѓународни конвенции, а пред се на Конвенцијата за правата на детето нашата држава гарантира и обезбедува услови за живот, опстанок и развој без разлика на потеклото на детето и припадноста кон државјанство, земајќи го во предвид најдобриот интерес на детето, вклучувајќи го и обезбедувањето на сместувачки форми за непридружувани и одвоени деца мигранти/бегалци кои транзитираат низ територијата на Република Македонија.

Во Република Македонија во тек е процесот на децентрализација во сите сфери на општественото живеење, па и во доменот на социјалните услуги. Општините сеуште недоволно ја препознаваат својата социјална функција во донесување на сопствени програми од областа на социјалната заштита, заради организирање и спроведување на социјалната заштита за граѓаните од своето подрачје, како и во развојот на социјалните услуги во заедницата.

Општина Гевгелија е општина која е транспарентна во своето работење и поддржува активности за проценка на потребите на своите граѓани, вклучително и младите и семејствата со деца во ризик, заради планирање и соодветен одговор на потребите на граѓаните.

Така, од општинскиот буџет се субвенционира престојот на деца во детските градинки за самохрани родители и социјално загрозени родители. Исто така, се субвенционираат и трошоците за комунални услуги на социјално загрозените лица, се обезбедува бесплатен превоз за децата со посебни потреби, кои го посетуваат Дневниот центар за деца со посебни потреби. Исто така, општина Гевгелија доделува еднократна парична помош за новородени деца.

Во изминатите години општина Гевгелија има реализирано активности за подобрување на услугите кон младите лица. Општината изготвила и усвоила ,,Локална младинска стратегија за општина Гевгелија (2011-2015) со цел подобрување на општата

состојба на младите во општината со приоритет во областа на: културата, спортот, младински активизам и младинско учество. Зацртаните цели и активности делумно се реализирани, или околу 50 % од планираното, така да во 2017 во рамки на оваа проценка дел од потребите сеуште се приоритетни.

## 2. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА НА ПРОЦЕНКАТА

Проценката има за цел да ги **идентификува потребите на младите во Гевгелија и недостатоците во локалната поддршка за децата на кои што им се потребни специјализирани заштитни сервиси,** преку примена на аналитичко – истражувачки и квалитативно-квантитативен метод.

*аналитичко – истражувачки метод*:

Преку деск анализа на меѓународната и национална легислатива, достапни извештаи, анализи, проценки, информации, стратегии, програми, статистички податоци од релевантни институции и организации, како и на документи кои се однесуваат на подрачјето на општина Гевгелија се обезбеди преглед на постојни документи, законски можности, актуелни приоритети и постојни услуги за деца и млади во ризик на национално ниво и на локално/регионално ниво.

*квалитативно-квантитативен метод* ( теренска работа )

Преку спроведување на интервју и фокус групи со претставници на релевантни институции, организации, млади, родители со деца во ризик и анкетирање на млади се обезбедија информации за проценка на потребите на младите и семејствата/ децата изложени на ризик во општина Гевгелија.

Во анализата и обработката на собраните податоци, вградени се и претходни информации, сознанија со кои располага консултантскиот тим. Собраните податоци се претставени преку квантитативна компонента - процентуална и бројчана застапеност на одговори на одредени прашања (графички преставени) и квалитативна - во посебно означени делови се поместени цитати од спроведени усни интервјуа на учесници во проценката.

## 3. АНАЛИЗА НА НАОДИ

### 3.1.Меѓународно и домашно законодавство

Во делот што следува, се дава краток преглед на меѓународни документи релевантни за човековите и детските права, домашното законодавство, стратешки документи и програми кои ги уредуваат услугите и правата на млади и децата, како и преглед на постојните услуги во социјалната сфера. ( *подетални информации во прилог бр.3 ).*

Република Македонија преку своето законодавство вклучувајќи ги и одредбите на Конвенцијата за правата на детето и други релевантни меѓународни документи, обезбедува посебна грижа, заштита и помош на семејството, предвидувајќи услови за почитување на најдобриот интерес на децата согласно нивните потенцијали и потреби во сите сфери на нивниот раст и развој (образование, здравствена и социјална заштита), како

и правото на детето на семејство. Тргнувајќи од овие определби, државата обезбедува услови за развој и благостојба на детето во неговото семејство и правото на детето да живее со своите родители, освен кога тоа не ја гарантира неговата сигурност и безбедност. Во тие околности, грижата и гарантирањето на правата на децата ја презема државата.

### 3.1.1.Конвенција за правата на детето ( КПД)

КПД е основ за меѓународна заштита на правата на детето. Како резултат на оваа конвенција, децата имаат меѓународно признаени човекови права. Според меѓународните конвенции и договори, државите имаат обврска да ги заштитат сите деца во рамките на територијата на државата без разлика на земјата на потекло и правниот статус на децата. Конвенцијата генерално го дефинира детето како секое човечко суштество кое не навршило осумнаесет години од животот, освен ако врз основа на законот на одредена земја полнолетството не се стекнува порано. Клучните принципи кои се рефлектираат на одредбите содржани во Конвенцијата се ***најдобриот интерес на детето, недискриминација, право на живот, опстанок и развој и детската партиципација.***

### 3.1.2.Устав на Република Македонија

Уставот ги утврдува темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија. Едни од нив се основните слободи и права на човекот и граѓанинот, владеењето на правото, хуманизмот, социјалната правда и солидарноста, во кои се содржани основните одредби за остварување на правата од социјалната заштита.

Републиката им обезбедува посебна заштита на семејството и преку него и заштитата на децата, вклучувајќи ги и правата и обврските на родителите и децата. Републиката обезбедува посебна заштита на децата без родители и без родителска грижа и посебно ги заштитува мајчинството, децата и малолетните лица.

Странците во Република Македонија уживаат слободи и права гарантирани со Уставот, под услови утврдени со закон и меѓународни договори.

### 3.1.3.Закон за семејството

Законот за семејство ги регулира односите помеѓу децата и родителите, правата и должностите на родителите и децата, засновање на односи помеѓу нив, начинот на вршење на родителското право, акцентирајќи ја посебната заштита на децата без родители и без родителска грижа.

Центарот за социјална работа во случаи предвидени со Законот за семејство ќе преземе потребни мерки за заштита на личноста, правата и интересите на странски државјани додека органот на државата, чиј државјанин е тој, не донесе потребно решение и не преземе определени мерки.

### 3.1.4.Закон за социјалната заштита

Законот за социјалната заштита ги дефинира: социјалните ризици, мерките, активности и политики за спречување и надминување на ризиците, за намалување на

сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на капацитетот на граѓанинот за сопствена заштита, носителите на социјалната заштита, системот и организацијата на социјалната заштита, права, услуги и мерки од социјална заштита.

Во овој дел се лоцирани постојните законски решенија како основа/можност за развој на услуги согласно идентификуваните потреби на таргет групите на Проценката:

**Социјална превенција -** се остварува преку едукативно-советодавна работа, развивање на формите на самопомош, волонтерска работа со лично ангажирање и примена на други методи кои соодветствуваат на потребите на корисниците на социјална заштита.

**дневно и привремено** прифаќање и згрижување на корисници на социјална заштита во дневен центар и центар

**советувалиште-** во кое се обезбедуваат психосоцијални услуги и третман за млади, семејства и деца во ризик

- ✓ ***Горе наведените услуги на локално ниво може да бидат организирани и обезбедени од јавна институција за социјална заштита, локалната самоуправа и од граѓанскиот сектор***

### 3.1.5.Закон за заштита на децата

Законот за заштита на децата ја дефинира заштитата на децата како организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика. Државата, како и единиците на локалната самоуправа се грижат за давање на соодветна материјална помош на родителите за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување на развој на установи и служби за заштита на децата.

### 3.1.6.Закон за правда за децата

Законот го уредува постапувањето со **децата во ризик** и децата сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци, се определуваат условите за примена на мерки на помош, грижа и заштита, на воспитни и алтернативни мерки и за казнување на децата и помладите полнолетни лица, положбата, улогата и надлежноста на органите што учествуваат во постапувањето со децата и извршувањето на воспитните и алтернативните мерки и казни, како и мерките за заштита на децата жртви на дејствија, кои со закон се предвидени како кривични дела и на децата сведоци и мерките за превенција на детско престапништво.

Мерките на помош и заштита се мерки утврдени со закон во областа на образованието, во здравствената, социјалната, семејната и во други облици на заштита.

Согласно Законот за правда за децата, судот изрекува воспитни мерки, меѓу кои и упатување во **центар за деца** Судот може на детето да му одреди една или повеќе посебни обврски ако тоа е потребно за поуспешно извршување на изречената мерка, меѓу кои полезно да го користи слободното време, да се вклучи во работа на хуманитарна организација, комунална, еколошка или невладина организација, да се вклучи во одредена спортска, културно-забавна организација или здружение со обврска да ги посетува редовните проби или тренинзи.

### 3.2.Програми и стратегии

#### 3.2.1. Национална Програма за развој на социјалната заштита 2011-2021

**Основна цел** на *Програмата* е развој на интегриран, транспарентен и одржлив систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисникот.

Во делот на социјалните услуги, ќе ги наброиме само оние кои се од интерес на таргет групите на Проценката, за кои Програмата предвидува и овозможува:

- Обезбедување на понатамошен развој на вон институционалните социјални услуги
- Продолжување на процесот на децентрализација
- Проширување на видот на договорни социјални услуги кои ќе ги вршат и други даватели на социјални услуги преку објавување на јавни повици.
- Збогатување на мрежата на центри за дневно и привремено прифаќање и згрижување, преку отворање на дополнителни центри, територијално распоредени согласно со локалните потреби на населението: дневни центри за стари лица; клубови за стари лица; дневни центри за деца на улица; дневни центри за корисници на дрога и алкохол; дневни центри за лица со ментална или телесна инвалидност.
- Воведување и имплементација на формата социјални центри за социјализација и ресоцијализација
- Промовирање на волонтерската работа во центрите за дневно и привремено згрижување преку систематска и координирана соработка со соодветни образовни установи, НВО, хуманитарни и верски организации.
- Развивање на форми за поддршка на семејства во социјален ризик (кризни центри за деца од семејства во социјален ризик, семејни помагатели и други).
- Воведување на формата интегрирани центри за локални социјални услуги

#### 3.2.2. Национална Стратегија за превенција од малолетничко престапништво

Помеѓу повеќето сегментите на кои оваа Стратегија се осврнува се и превентивните програми, местото и улогата на сите чинители кои треба да создатат услови и да ја обезбедат благосостојбата и сигурноста на децата и младите, на национално и локално ниво. Услуги и програми за превенција треба да се развиваат на локално ниво и да бидат поддржани од институциите во заедницата, претставниците на граѓанското општество, како и учество на младите. Младите лица треба да имаат активна улога во општеството и треба да се сметаат како субјекти, а не како пасивни објекти на социјализација или контрола.

#### 3.2.3. Стратегија за демографски политики на Република Македонија 2015-2024 година

Стратегијата предвидува неколку области адресирани на младите и на младите семејства на кои ќе делува меѓу кои се: поддршка на младите лица за подобрување на нивниот статус во општеството преку програми на образование, личен и професионален развој, вработување, создавање предуслови за брак и семејство, поддршка на семејствата во развојот и грижата за децата, ***усогласување*** на семејните обврски и работата, промовирање на родовата еднаквост и унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје, во контекст на планирање на семејството.

## 3.3.СТРАТЕГИИ, СТУДИИ ЗА МЛАДИ

### 3.3.1. Национална Стратегија за млади 2016-2025 година

Националната стратегија за млади на Република Македонија 2016-2025 ги поставува основните принципи и насоки за акција на сите чинители во општеството кои ќе водат кон подобрување на социоекономската положба на младите и кон создавање на средина која ќе им овозможи на младите да ги остваруваат своите права, потреби и интереси.

**Стратегијата се темели на следниве приоритети:**
-Овозможување подобар животен стандард и еднакви можности за квалитетен живот.
-Креирање услови за почитување и заштита на фундаменталните права и слободи, и систематска интеграција и интеракција на различни категории млади.
-Креирање на можности за вклучување на младите во следење и спроведување на политиките и одлуките кои ги засегаат.
-Еднаков пристап до квалитетно образование и други форми на личен и професионален развој.

Стратегијата предвидува интервенции во девет клучни области: ***младинско учество, младинско информирање***, ***локална младинска работа***, ***образование***, ***вработување и поддршка пред вработување, култура, спорт, здравје и квалитет на живот***

### 3.3.2.Студија за младите во Република Македонија - 2013

(Истражување спроведено од Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј "во Скопје во 2013 година)

*Истражувањето било спроведено на 1026 млади на возраст од 15 до 29 години, на национално ниво, а југоисточниот регион е претставен со 8 % од анкетираните испитаници.* Биле истражувани осум тематски целини: Животен стил и слободно време, Убедувања и припадност, Семејство и општество, Грижи и аспирации, Образование и вработување, Демократија и политика, Управување и развој, Нацијата и светот.

*Од интерес за оваа проценка издвојуваме неколку констатации од Студијата :*

-Младите во слободното време најчесто слушаат музика или излегуваат со пријателите. Момчињата почесто излегуваат со пријателите и спортуваат, отколку девојките, коишто, пак, почесто читаат книги, за разлика од момчињата. Местата каде што вообичаено се собираат и забавуваат младите, се кафулињата и дискотеките.

-Постои ниска вклученост во волонтерски активности, најчесто споменувана главна причина за вклучување во волонтерските активности од страна на младите, испитаници во студијата, е потребата да се чувствуваат активни/вклучени во заедницата, чувството на посветеност кон другите и желбата за практикување на професионалните знаења/вештини.

-Вид на волонтерска активност во која најчесто се вклучува македонската младина е помош и поддршка на некои од ранливите/маргинализираните групи, како што се: сиромашните лица, старите и изнемоштените, инвалидизираните лица, децата без родителска грижа, самохраните родители, како и градењето и одржувањето на зелените површини, како и поддршката или обуката за странските јазици.

Од податоците и информациите кои им се достапни и со искуствата со кои располагаат консултантите, вклученост на младите во младинска/доброволна работа во системот на социјална заштита се забележува заинтересираност за младите за волонтерска работа за поддршка на деца во ризик: деца со попреченост (активности во Дневни центри за подобрување на социјализацијата на децата со попреченост), деца без родителска грижа (деца сместени во згрижувачки семејства, установи и во мал групен дом), деца со воспитно социјални проблеми (деца сместени во мал групен дом Кавадарци, програма за менторство – врсничка поддршка и едукација)вклученост во хуманитарни активности. Овие активности најчесто се реализираат од волонтери на Црвен Крст, студенти во рамки на студентска пракса и во одреден период и како можност за цивилно служење на воениот рок. Исто така постои позитивна пракса на врсничка едукација на училишна младина во однос на превенција од зависности од никотин, алкохол и дрога која тековно се реализира преку активности на волонтери на Црвен Крст.

Консултантите сметаат дека младинската/доброволна работа сеуште не е доволно препознатлива (иако во разни сфери од младинското секојдневие и живеење е присутна ) во однос на можностите за практикување, видовите на младинска/доброволна работа, придобивките за младите и за заедницата.

Од тие причини во оваа проценка се поместени и извадоци од публикацијата ,,**Како да се разбере младинската работа во заедницата**," која нуди корисни и потребни информации за развој на младинската работа. ( *поопширни информации во прилог 4* )

### 3.3.3. Како да се разбере младинската работа во заедницата

*Публикација- работен документ.* ***Вања Калаба****, B.Sc. with major in Education; Community Youth Work*

,, Младинската работа примарно се фокусира на развивање на потенцијалите кај младите, првенствено има холистички пристап, а не еднодимензионален со фокус на едно специфично однесување, на пр. конзумирање на психоактивни супстанции, насилство или крадење. Младинската работа ги поддржува младите во развивање на сопствениот систем на вредности и социјалните вештини, за да им се помогне полесно да донесуваат информирани одлуки, да избегнуваат ризични однесувања, да ја преземаат одговорноста за сопствениот живот и конструктивно да придонесуваат за развојот на општеството на кое му припаѓаат".

**Видови младинска работа :**

**Отворена младинска работа** - нуди простор (на пр. младински центар или младински клуб) што во принцип е отворен за сите млади од локалната заедница.

**Учество и образование по пат на учење од врсници -** формално и неформално образование, примарна превенција и можност за социјална интеграција, пријателско опкружување и општествен модел на учење од своите врсници.

**Превенција од социјално исклучување / социјална младинска работа -** наменета за превенција од социјалното исклучување опфаќа советување, поддршка, образование, тренинзи и можности за вработување на маргинализираните групи и поединци. Со програмите се овозможува социјална интеграција во берзата на вработување и премин во зрелоста.

**Младинска работа базирана на слободно време (рекреација) -** активностите за време на слободното време подразбираат игри, спорт, културни активности, забава и услуги на заедниците со цел развој на физичките, интелектуалните и другите потенцијали на младите. Овие активности обезбедуваат специфични можности за социјализација и креирање на места и можности за вклопување на животите на младите во модерната структура.

**Советување на младите -** советувањето на младите е фокусирано на специфичните прашања и проблемите на младите. Им дава информации и поддршка која е базирана на професионална техника на советување и ги упатува на други институции доколку е потребно. Советувањето може да покрива проблеми околу училиштето, професионалната ориентација, вработувањето, кризните интервенции во односите, проблемите поврзани за семејството, здравјето и правните прашања.

**Информирање на младите -** услугите се обезбедуваат преку младинските информативни сервиси или центри и се распространети низ сите информативни канали, посебно низ оние што се најмногу користени од страна на младите, како што се интернетот и мобилните телефони

**Младински клубови и културни центри** - ова се места што немаат јасна, однапред одредена структура на своите активности и каде што постои голем простор за креирање на програмите во хармонија со потребите и интересирањата на младите. Овие клубови и центри се можност за организирање на широки палети на активности како и можен простор за средби на различни групи на млади луѓе. Клубовите и центрите, исто така, се значаен ресурс за изградба и едукација на голем број како на млади, така и на професионалци.

## 3.4. Анализа на состојбата во општина Гевгелија

Согласно Законот за регионален развој за потребите на планирањето на развојот се утврдени 8 плански региони: Вардарски плански регион, Источен плански регион,

Југозападен плански регион, Југоисточен плански регион, Пелагониски плански регион, Полошки плански регион, Североисточен плански регион и Скопски плански регион




Југоисточниот плански регион се протега на крајниот југоисточен дел на РМ и се граничи на југ со Република Грција, на исток со република Бугарија, а на север со Источниот и Вардарскиот регион.

Овој регион е населен со вкупно 171 416 жители, и опфаќа 10 општини : Богданци, Босилово, Валандово, Василево, **Гевгелија,** Дојран, Конче, Ново Село, Радовиш и Струмица, со вкупно 188 населени места. Од вкупниот број на жители повеќе од 2/3 од населението живее во рурални средини. Карактеристична е појавата на висока стапка на разведени бракови, како и висок тренд на активност на населението.

Општина **Гевгелија** е предмет на обработка од аспект на **проценка на потребите на младите во Гевгелија и недостатоците во локалната поддршка за децата на кои што им се потребни специјализирани заштитни сервиси.**

Општина Гевгелија е населена со вкупно 22 988 жители(11 420 мажи и 11.568 жени), со следниот национален состав: Македонци 22 258 (96,77%), Албанци 8, Турци 31, Власи 214, Роми 13, Срби 367, Бошњаци 5 и 92 други, кои живеат во `17 населени места од кои 1 урбана (15.685 жители) и 16 рурални (7.303 жители).

Според податоците за работна сила – во општина Гевгелија евидентирани се вкупно 11 229 лица, од кои 8679 вработени и 2550 невработени или стапката на невработеност изнесува 22,71%. Според податоци изнесени на фокус групата од претставник на АВРМ – Центар за вработување Гевгелија има 600 невработени, од кои се 180 млади лица.

Од вкупното население во општината млади на возраст од 15-24 години се 3.605 или 15,68% од кои според возраста и активноста состојбата е следна:

Од 15-19 години 1517 лица, од кои 71 економски активни и 1446 економски неактивни лица
Од 20-24 години 2088 лица од кои 1406 економски активни и 682 економски неактивни лица

Општина Гевгелија е општина која поддржува активности за проценка на потребите на своите граѓани, вклучително и младите и семејствата со деца во ризик, заради планирање и соодветен одговор на потребите на граѓаните.
Поддршката и остварувањето на правата младите лица и ранливите групи граѓани ги реализираат преку, локалната самоуправа и нејзините органи,, институциите на локално ниво (Центар за социјална работа, здравствени институции,“ образовни институции, центар за вработување и други) и граѓански организации:

-*локалната самоуправа* - се грижи своите граѓани и за подобрување на социјалната заштита на истите. Така, од општинскиот буџет се субвенционира престојот на деца во детските градинки на ЈОУДГ „Детска радост“ во Гевгелија на самохрани родители и социјално загрозени родители. Исто така, се субвенционираат и трошоците за комунални услуги на социјално загрозените лица, така што месечно им се субвенционира по 500 денари за потрошената вода до 20 кубни метри и за отпадни води. Покрај ова општина Гевгелија обезбедува бесплатен превоз за децата со посебни потреби, кои го посетуваат Дневниот центар за деца со посебни потреби. Исто така, општина Гевгелија доделува еднократна парична помош за новородени деца, чии родители се со постојано живеалиште во Општина Гевгелија, и тоа во износ од 6.000 денари за првородено дете и 12.000 денари за трето родено дете. Сето ова оди во прилог на исполнување на законската можност дека општината може самостојно, од сопствени средства, да финансира програма за социјална заштита на граѓаните од своето подрачје, над нивото што го обезбедува Републиката.

Во изминатите години општина Гевгелија има реализирано активности за подобрување на услугите кон младите лица, општината изготвила и усвоила ,,Локална младинска стратегија за општина Гевгелија (2011-2015)“ со цел подобрување на општата состојба на младите во општината со приоритет во областа на: културата, спортот, младински активизам и младинско учество. Планираните активности се реализирани 50%, поради што дел од искажаните потреби сеуште се актуелни за младите.

Ресурси /услуги достапни за млади/деца и млади и деца во ризик:

-***во сферата на згрижување, образование***, ***култура, спорт и слободно време*** постојат една детска градинка, 4 основни училишта (од кои едно музичко), 1 средно општинско училиште со повеќе смерови, факултет за туризам, но сепак Скопје е посакувано место за продолжување на средното и високото образование за голем број млади од Гевгелија. (податок добиен од дискусијата на фокус групата на млади),галерија, музеј, театар, културно уметнички друштва, пионерски дом, спортски клубови, спортски игралишта, мотокрос патеки, стадион..

-***од сферата на социјалната заштита*** функционира центар за социјална работа и Дневен центар за лица со посебни потреби. ЦСР е месно надлежен за три општини Гевгелија, Дојран и Богданци со, што покрива територија со население од околу

**34 431** жители, со вкупно 34 населени места од кои 3 градски и 31 рурални. Територијата на месно надлежноста на центарот опфаќа поголем простор на ридско – планински предели, погранични и рурални средини. Во Центарот се вработени вкупно 20 лица, од кои 12 стручни работници кои решаваат за услуги и права од социјална заштита., останатите се административен технички и помошен кадар.

Вкупниот број на користени парични права во 2016 година, бил 2335 што отприлика би значело дека околу 6,7% од населението за кои е месно надлежен центарот од Гевгелија, се корисници на материјални права. Согласно старосната структура на населението најголем број на корисници од паричните права се јавуваат кај корисниците кои се наоѓаат во социјален ризик поради нарушена здравствена состојба (паричен надомест за помош и нега од друго лице (956), правото на додаток за мобилност и слепило (133), право на додаток за глувост (66),потоа корисници на права поради материјална необезбеденост: постојана парична помош (71),социјална парична помош( 202), условен паричен надоместок (112),паричен надоместок за електрична енергија (112), право на здравствена заштита (82). Во однос на правата од детска заштита корисници: на еднократна парична помош за новороденче (170), детски додаток (67) на родителски додаток ( 225) и посебен додаток (107).

Во однос на заштита на децата и возрасните во текот на 2016 година, како корисници на услуги евидентирани се вкупно **453** корисници (1,3%) од вкупното население за кое е месно надлежен ЦСР Гевгелија.

Во подрачје брак и семејство -вкупно **147** корисници – се забележува намалување на бракоразводите (29 предмети),како и на постапките за нарушени брачни и партнерски односи (7) и регулирање лични односи родител/роднини -дете (44), зголемување на бројот на жртви на семејно насилство од (30) во однос на минатата година.

Во делот на заштита на деца -вкупно **208 корисници-** забележано е зголемување во однос на минатата година кај сите категории на деца :најголем број деца со пречки во развојот (119), дете без родители и родителска грижа(25,) дете во ризик (17), дете во судир со законот (13), посвојување (7), проценка на посвоители (15).

Во делот на заштита на возрасни –вкупно **98 корисници** –најголем број старателство на возрасни лица со целосно одземена деловна способност (30), полнолетни лица со пречки во менталниот развој и телесна попреченост (10),зависници од дрога и други психотропни супстанци (10), стари лица (5),корисници на советувалиште за брак и семејство (15).

Од социјален аспект оваа општина е специфична како општина во која меѓу другите присутни ризици (разводи, семејно насилство, стари лица, население во рурални делови ) се наоѓа и на Балканската рута на миграциските и бегалски движења. Во овој регион во непосредна близина се наоѓа транзитно прифатниот центар Винојуг во кој се сместуваа мигрантите меѓу кои и деца без придружба. Заради заштита на правата и интересите на овие деца ЦСР поставува старатели согласно позитивни законски прописи. За време на движењето на мигрантите по балканската рута во одредени периоди во општината беше видливо присуството на голем број на мигранти/бегалци меѓу кои и непридружувани деца.

***- Од Граѓанскиот сектор*** во општина Гевгелија, здруженија коишто ги имаат младите во фокусот на својот интерес се Младински совет – Форса, Регионален центар за одржлив развој (РЦОР) Гевгелија (кои реализираат различни проекти од интерес на младите луѓе)-како Центар за поддршка на НВО -простор кој разни НВО можат да го користат за свои активности) Бран Успешна Младина, Фондација ,,Аполонија,, (за поддршка на лицата со попреченост, но и проекти со младите ), ЗГ,,Поддршка,, (целна група лица кои злоупотребуваат дрога и сексуални работнички), Организација на Црвен Крст, повеќе спортски и културно уметнички друштва.

### 3.4.1.Документи за младите од локално значење

За согледување на состојбата со младите во општина Гевгелија беа анализирани претходни документи ( анализа, стратегија од локално значење за периодот 2010 – 2015 година), кои содржат податоци и информации од релевантно значење бидејќи се истражувани и планирани сегменти кои се од важност и за сегашнава Проценка. *Потребно е да се нагласи дека оваа Проценка нема за задача да направи проценка на спроведеното од Стратегијата за млади во општина Гевгелија.(поопширни информации во прилог 5).*

**Анализа ,,Ставовите на младите во општина Гевгелија по однос на младинските потреби**,, *јули 2010 година Автори**:** М-р Елизабета Марковска Спасеноска, М-р Марија Нашоковска*

Истражувањето кое во 2010 година е реализирано преку фокус група и анкетирани 40 млади на возраст од 15-29 години, по утврдени приоритетни области на истражување (култура и спорт, младинско информирање, младински активизам и иницијативи, учество на младите и волонтерство ), укажува дека потребни се многу повеќе информации да се дистрибуираат до младите за тие да осознаат каква е состојбата во приоритетните сфери и да можат да делуваат, да се работи на подигнување на свеста кај младите за важноста од нивно активно учество при креирање не само на нивниот сопствен живот туку и условите и животот на другите млади во општината, потребата од воспоставување младински информативен центар во општината како и потребата за воспоставување младинско тело во рамки на општината преку кое младите ќе бидат вклучени директно во донесувањето одлуки кои ги засегаат нив.

Врз основа на реализираното истражување, констатираните состојби и дадените препораки во однос на задоволување на младинските потреби општина Гевгелија изготвила Локална младинска стратегија.

**Локална младинска стратегија за Општина Гевгелија, за период 2011- 2015 година** во која преку зацртаните долгорочни цели за секоја од приоритетните области се нудат решенија кои ќе им помогнат на младите да го подобрат и олеснат својот живот:

***Култура и спорт -*** поттикнување на младите да учествуваат во културно уметничките и спортските активности, зголемување на достапноста на културните и спортските објекти за младите луѓе, систематски пристап во планирање на културниот и спортскиот живот во Општина Гевгелија

***Младинско информирање -*** Зголемување на информираноста на младите и подобрување на пристапот до информации (креирање на веб портал со информации за младите, информативни и огласни табли и Младински информативен центар)

***Младински активизам и иницијативи*** - Зголемено учество на младите во општествениот живот во Гевгелија. (зголемување на бројот на младинските иницијативи, воспоставување на фонд за младински иницијативи и обезбедување на средства за нивна реализација).

***Младинско учество -*** Зголемено учество на младите во донесување на одлуки на локално ниво. (формирање на Совет на млади во рамки на општината, вклучување на претставници на младите и младинските здруженија на граѓани во работата на сите локални тела и комисии, јавни установи кои во своето работење опфаќаат сфери на интерес на младата популација), подигнување на свеста за потребата од младинско учество (креирање на Тренинг програма за обучувачи за младинско учество и програма за едукација на младите и институциите за младинско учество)

***Волонтерство-*** Креативно исполнување на слободното време на младите во корисни и социо-едукативни активности преку едукација за придобивките од волонтерската работа на младите луѓе.

## 3.5. Наоди од теренската работа

Во рамки на Проценката се реализираа 15 интервјуа, 6 фокус групи и анкетирање на 41 млади согласно дизајнираниот примерок на предвидени учесници во кои беа опфатени претставници на институции надлежни за планирање, развој, следење и давање на услуги кон младите и децата/семејствата во ризик на национално и локално ниво, од јавниот и граѓанскиот сектор.

*Општ впечаток на консултантскиот тим е дека сите таргетирани заинтересирани страни /учесници во процесот на собирање податоци покажаа интерес за проценката, дадоа свои коментари, мислења и сугестии со желба и надеж за развој на услуги на локално ниво кон таргетираните ризични групи.*

Низ сите овие форми на обезбедена консултација со заинтересираните страни се добија следниве наоди :

- Консултираните учесници покажаа интерес за предметот на Проценката, оценувајќи ја иницијативата како потребна, во согласност со постојните определби на државата и актуелните процеси на децентрализација, деинституционализација и плурализам на услугите.
- Изборот на таргет групите за проценка соодветствува на актуелните заложби на државата за поддршка на програми и мерки за подобрување на состојбата на младите и нивно вклучување во општествените текови ,како и развој на услуги за поддршка на семејствата/децата изложени на социјални ризици
- Изборот на општината Гевгелија е соодветен како погранична општина, општина која дава поддршка на иницијативи за развој на услуги и програми за работа со

младите, а од својот буџет обезбедува средства за ранливите групи граѓани согласно законските надлежности

- Учеството во активностите при спроведување на Проценката даде можност за непосредна размена на информации помеѓу сите учесници, взаемно информирање и запознавање со состојбите во заедницата во однос на потребите и обезбедените права / услуги за младите и децата и семејства изложени на социјален ризик.

### 3.5.1.Наоди од спроведените интервјуа:

**Претставниците на јавните институции на национално ниво** надлежни за планирање, развој на политики и програми во системот на социјална заштита и за следење на социјални појави и проблеми сметаат дека Проценката ќе даде основа за развој на услуги кои недостасуваат, а се одговор на потребите на граѓаните на одредена локална средина. Ова се поткрепува со постоечките законски можности, но и со развојните програмски политики и реформски процеси на државата во системот на социјалната заштита.

*,,Во РМ постои нерамномерен развој на услуги согласно потребите на граѓаните вклучително за младите и децата/семејствата во ризик, па затоа сметам дека отворање на еден ресурс во Гевгелија ќе одговори на потребите на младите од општината, но и на ранливите групи деца од регионот -особено во однос на брза интервенција, превенција и соодветна заштита на децата кои се изложени на ризик од злоупотреба, занемарување, насилство и сл., што е еден од приоритетите во заштитата на децата за кој се залагаме како министерство"* изјава на претставник на МТСП .

*,,Проблемот на деца на улица кои мигрираат низ Републиката е идентификуван како посебен проблем на регионите и општините кои имаат погранична локација (Охрид, Струга, Дебар, Гевгелија, Струмица),особено што бројот на вакви деца на улица од година во година е се поголем. Решението на овој проблем се бара во зајакнување на капацитетите на родителите на овие деца за вршење на родителското право, како превенција од злоупотреба, занемарување и останување на улица и со планирање на развој на ресурси во овие региони/општини за краткотрајно прифаќање, идентификување и преземање на соодветни форми за нивна идна заштита*" изјава на вработени во ЗСД.

**Претставниците на јавните институции на локално ниво** сметаат дека предвидените активности во рамки на Проценката овозможуваат иницијативност и вклучување на сите заинтересирани страни на локално ниво со што се обезбедува партиципативност, транспарентност и одговорност во мапирање на потребите и развој на услуги како одговор на утврдените потреби.

,,*Општината располага со повеќе објекти кои би можеле да се искористат за развој на услуги за младите и ранливите групи деца. Би поддржале иницијативи за отворање на вакви услуги со партнери /субјекти кои би биле заинтересирани за тоа, претходно сензибилизирајќи ги граѓаните за отворање на вакви услуги*" изјава на претставник на општина Гевгелија.

*,,Како жител на Гевгелија, поради немање на други ресурси во соработка со претставници на ЦСР, многу често лично сум интервенирала за прифаќање и заштита на децата на улица кои во Гевгелија доаѓаат од разни места во Републиката, за да се спречи нивниот престој на улица, да се нахранат и подготват да заминат кај своите родители, или да ги прифати надлежниот центар", изјава на претставник на МТСП* –вработен во социјална инспекција.

*,,ЦСР Гевгелија многу често се соочува со потешкотии за брза интервенција и заштита на децата во ризик бидејќи не располага со сместувачки капацитети за деца, а за давање поддршка на ранливите групи деца и семејства (злоупотребени, занемарени, жртви на семејно насилство ,,сиромашни,, е единствен ресурс на локално ниво. Отворањето на еден центар за краткотрајно згрижување, советување, програми за поддршка на деца и семејства во ризик, ќе ја подобри нашата ефикасност во заштитата на децата, на локално и регионално ниво",* изјава на претставник на ЦСР Гевгелија.

*,,Во општина Струмица еден од проблемите е се почестото присуство на деца на улица од други градови во Републиката, кои бараат брза идентификација и заштита. Би било добро доколку во регионот се развие некој центар каде би можеле краткотрајно да ги сместуваме овие деца додека не се утврди од каде се дојдени и која е најсоодветната форма на заштита. Овој ресурс би се користел и за нашите деца во ризик кои бараат брза интервенција",* изјава на претставник на ЦСР Струмица.

*,,Во Валандово немаме проблем со деца на улица, но многу често нашите семејства изложени на социјален ризик нема каде да ги упатиме да добијат советодавни услуги и поддршка, која сега ја добиваат само од центарот . Со развој на нови услуги за овие граѓани во Гевгелија и ние како соседна општина би добиле дополнителен ресурс за упатување на нашите граѓани по блиску и подостапно, отколку да одат во Скопје",* изјава на претставник на ЦСР Валандово.

*,,Моето искуство од работа со мигрантите/бегалците од последната мигрантска криза, а посебно со непридружуваните деца ми покажа дека сите деца се исти во своите потреби од прифаќање, заштита и вклучување во активности за да ги надминат трауматските искуства кои ги доживеале. Би било добро доколку овие деца имаат можност да се дружат со нашите деца/млади и да добијат врсничка помош и поддршка преку учество во заеднички активности",* изјава на социјален работник во прифатно транзитен центар Винојуг.

**Претставниците на граѓанскиот сектор** на национално и локално ниво кои имаат искуство од развој на програми за работа со млади и ризични групи граѓани покажаа интерес за Проценката како можност за споделување на искуството од досегашната работа со млади и деца/семејства во ризик како позитивна пракса и заинтересираност за понатамошно нивно вклучување во развој на услуги кон таргет групите на Проценката земајќи ја во предвид и можноста за нарачка на услуги од страна на државата – социјални договори.

*,,Нашето здружение е здружение на граѓани, кое ги промовира човековите права и ги застапува интересите и потребите на лицата кои се под ризик или претрпеле насилство и трговија со луѓе преку превенција, социјална поддршка и лобирање на*

*национално и европско ниво. Активно е вклучена во програмите за поддршка на мигрантите/бегалците во Табановцеи Винојуг. Силно е посветена кон волонтеризмот, поддржува волонтеризам, спроведува обуки за волонтери и обезбедува практична работа во разни активности на организацијата“,* изјава на претставник на Отворена Порта/Ла Страда.

*,,Како граѓанска организација даваме услуги за деца и млади во ризик, преку поддршка на децата во станбените единици за самостојно живеење со поддршка на децата сместени во згрижувачкиоте семејства, преку превентивните програми за поддршка на децата без родители и родителска грижа и во ризик да останат без родителска грижа, како и поддршка на малите деца сместени во мигрантските кампови во Табановце и Винојуг. Нашата организација е вклучена во реализирање на проектот за ,,Услуги преку социјално договарање,, Сметам дека вклучувањето на граѓанските организации во давањето на услуги ќе обезбеди плурализам и поголема понуда и квалитет во услугите кон децата и младите“,* изјава на претставник на СОС Детско село Македонија.

*,,Покрај другите активности на Црвениот Крст, нешто што посебно би го издвоила е позитивното искуство од волонтерска/доброволна младинска работа на полето на крводарителство, хуманитарни активности, непосредна поддршка на ранливи групи семејства и деца, посебно на децата со попреченост и децата во згрижувачки семејства, и согласно нашиот мандат активно вклучени во поддршка на мигранти/бегалци ,како и учество во врсничка едукација за теми од интерес на младите“,* изјава на претставник на Црвен Крст на РМ.

,,*Со младите реализираме различни проекти и активности, креативни, рекреативни, имаме искуство и од волонтерска работа на младите со лица со попреченост во ДЦ и со културни институции. Младите покажуваат интерес за вклучување во активности, но се заинтересирани за насочени активности конкретни работи како: развој на компјутерски вештини, вокациски вештини и сл. Следните активности ќе ги планираме врз основа на покренати иницијативи на самите млади“* изјава на претставник на фондација ,,Аполонија,,.

*,,Како граѓанска организација која реализира активности во социјалната дејност со млади со развојни проблеми, проблеми со однесувањето се залагаме за елиминирање на асоцијалното однесување кај младите и преку промовирање на позитивни вредности системи, како и помош, поддршка и заштита на млади од дрога, насилство и трговија со луѓе, сметам дека сме потребен ресурс кој на локално ниво им помага на нашите деца. Со нашите активности и едукативно-информативни програми се обидуваме да ги задоволиме потребите на младите и децата да бидат информирани, поддржани и вклучени во активности кои им помагаат да развијат здрави животни стилови ,,На младите и децата од Гевгелија им се потребни уште вакви програми, но и едно место кое ќе биде нивно“,* изјава на претставник на граѓанска организација ,,Поддршка“.

### 3.5.2.Наоди од анкетите

Заради согледување на мислењето на младите од таргет групата млади на возраст од 15-24 години, чиј број изнесува 3.605 или 15,68% од вкупното население се реализира анкетирање на претходно утврден примерок на млади лица според креиран прашалник во кој се поместени прашања кои се однесуваат на животниот стил на младата генерација согледан преку секојдневните активности на младите, слободното време, нивното хоби, понудата на услуги на локално ниво, вклученоста во младинска/ доброволна работа, прифаќањето на деца мигранти со цел утврдување на постојната понуда на услуги во општината и потребите на младите од развој на нови.

Со анкетирање беа опфатени 41 учесник од двата пола со соодветна застапеност по возраст, место на живеење и работен статус со следна структура на примерокот анкетирани:

| **Возрасна група** | **Пол** | | **Место на живеење** | | **Работен статус** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **м** | **Ж** | **Град** | **Село** | **Ученик студент** | **Вработен** | **Невработен** |
| **15-19** | **15** | **14** | **24** | **5** | **20** | **3** | **6** |
| **20-24** | **6** | **6** | **9** | **3** | **10** | **0** | **2** |
| **Вкупно** | **21** | **20** | **33** | **8** | **30** | **3** | **8** |

-Според полова застапеност 51% од анкетираните се од машки пол и 49% од женски пол.




- Според место на живеење -80 % од град и 20 % од село.




- Според работниот статус -49% ученици, 24% студенти,7'%вработени и 20% невработени.




Во однос на возрасните групи состојбата е следна :

- 71%, застапеност на млади од 15-19 години, -29% застапеност на млади од 20-24 години.



-млади од 15-19 години, од кои 75%,од град и 25 % од село, 69% ученици,10% вработени и 21% невработени.










-29% застапеност на млади од **20-24** години, од кои 83% од град, 17% од село, 83% студенти, 17% невработени.










*Општи /генерални наоди од анкетирањето*

Општ впечаток е дека анкетата беше добро прифатена од таргет групата млади, а од поединци оценета и како потребна. Генерално, наодите укажуваат дека е потребно координирано и систематски да се делува од сите заинтересирани страни за да се подобри квалитетот на живот за младите. Младите се недоволно информирани за постоење на одредени услуги во општината, слободното време го пополнуваат со спортски и рекреативни активности за кои наведуваат дека нема доволно и соодветна понуда. Во недостаток на места и можности за креативно изразување младите најчесто се присутни во: интернет кафе, кафулиња и слични простори кои не се ,,само младински“.

Се забележува отсуство на младински активизам и слаба иницијативност како и неинформираност за можностите за реализација на нивните идеи од страна на општината, НВО и локалните институции.

Иако скоро половина од анкетираните млади досега имаат искуство од младинска/доброволна работа се забележува дека недоволно се информирани за сите видови ваква работа. Најчесто таа работа е за помош и поддршка на некои од ранливите/маргинализираните групи, како што се: сиромашните лица, инвалидизираните лица, хуманитарни активности и сл.

Анкетирањето покажува дека постои позитивна перцепција за младинската/доброволна работа кај поголемиот број млади преку искажана заинтересираност за продолжување со младинска/доброволна работа на веќе вклучените, но и на дел од оние кои досега не практикувале ваква работа.

Се забележува позитивен став кај скоро половина од анкетираните за прифаќањето на работа со млади мигранти.

Во однос на полот, возраста, моменталниот статус и местото на живеење не постојат некои посебни разлики (освен во одговорите за одредени приоритети).

Во текстот подолу дадени се искажаните мислења и потреби на младите во однос на одредени прашања од интерес на младите кои беа предмет на Проценката:

**На прашањето „*Како и каде го поминуваш слободното време„* ?**

Животниот стил на младата генерација во општина Гевгелија согледан преку активностите во слободно време покажува дека младите го поминуваат слободното време во активности и на места за кои постои понуда во општината и најчесто се поврзани со можност за спортски и рекреативни активности ( игралишта, стадион, мотокрос стази, мали спортски игралишта, театар, музеј, галерија, културен и пионерски дом и сл.) потоа во интернет кафе, кафулиња, на компјутер, но и во слушање музика, дружење и само неколку во читање книги.

Постојат мали разлики помеѓу исказите на машките и женските анкетирани млади:

-најголем број од младите испитаници (од машки пол) времето го поминуваат во : спортски активности рекреативни активности (фудбал, кошарка ,билјард, возење мотор, кола, трчање, пешачење, шетање) гледање филмови, интернет кафе, слушање музика, компјутерски игри, а само неколку во читање книги и сл.

-најголем број од младите испитаници (од женски пол) -времето го поминуваат во дружење со пријатели на кафе, шетање, пешачење ,слушање музика, гледање ТВ, филм и серии, возење велосипед, на кошарка или во теретана, компјутер, читање книги, седење дома со семејството, помош во домашни работи и сл.

-во однос на местото на живеење младите кои живеат во село – од двата пола слободното време најчесто го поминуваат во: читање книги, шетање во природа, планинарење, покрај река, возење велосипед или мотор, домашни работи, работа со земјоделие, гледање ТВ, и филмови, слушање музика.

**На прашањето,, *Имаш ли хоби,, ?***

Забележително е дека поголемиот број од анкетираните млади од машки пол имаат хоби, за разлика од оние од женски.

Од вкупниот број анкетирани 76% одговориле дека имаат хоби, а 24% дека немаат.




Според полот состојбата е следна : 90% од машките имаат хоби, а 60% од женските имаат хоби




**На прашањето *,,Кое е твоето хоби,,?***

Се забележува дека анкетираните млади имаат хоби кое најчесто го поврзуваат со активностите кои ги реализираат во слободното време.

-од анкетираните млади од *машки пол* кои навеле дека имаат хоби: најчесто се занимаваат со спортски активности (кошарка, фудбал), мотоциклизам, видео и компјутерски игри, а оние кои живеат на село-читање книги, гледање ТВ, возење мотор,

-од анкетираните  млади од *женски пол* кои се изјасниле дека имаат хоби ,како хоби навеле: спортски активности (трчање, теретана, кошарка), рекреативни активности (возење ролерки, возење мотор и автомобил, медитирање ,видео игри), како видео игри, читање книги, а  оние кои живеат на село: пеење, игроорна и спорт (фудбал)

**На прашањето *„Дали членуваш во некои организации„?***

Се забележува не информираност на младите во однос на  постоењето на организации во општината  кои реализираат активности за и со младите.

-од вкупниот број анкетирани потврдно одговориле само 2 анкетирани млади од женски пол- 1 -дека членува во хуманитарна организација за деца со посебни потреби, втората не дала одговор во која организација членува

**На прашањето *„Какви услуги за младите  на твоја возраст постојат  во општина Гевгелија„ ?***

Младите се  недоволно информирани за постоење на одредени услуги во општината, а и оние кои ги наведуваат се истите во кои реализираат активности во слободно време.

Од вкупниот број анкетирани 49% не одговориле, 15%  одговориле –не знам, 5% не постојат и 31% ги дале следните одговори: билјард, интернет, кафулиња, игралишта, НВО, Црвен Крст, приватни организации, дискотеки, билјард, спортски клубови, центри за странски јазици, хуманитарни, високо образовни, рекреација, забава, креативни и информативни



**На прашањето,, *Дали користиш некои од тие услуги*,,?**

Се забележува дека мал процент од анкетираните (околу ¼) користат некакви услуги што резултира од слабата информираност но сепак покажуваат одредена проактивност и се заинтересирани за зголемување на понудата на услуги за реализирање на нивните претходно искажани хоби, како и за можност за информирање, советување, но и за конкретни простори за реализирање активности како кино и базен.

Од вкупниот број анкетирани 22% не одговориле, 54% не користат услуги, 24% користат услуги



**На прашањето,, *За каков вид услуга имаш потреба,, ?***

Слабата информираност на младите резултира и со недоволен увид кај младите од потребата од услуги, сепак кај повеќе од една третина се забележува иницијативност за промени, подобрување на постојните и развој на услуги со што би се збогатила понудата на услуги наменети за младите. Во предлозите покрај оние за зголемување на понудата за спортски и рекреативни активности има предлози поврзани со информирање, кариерно советување, помош и поддршка.

Од вкупниот број анкетирани добиени се следните одговори во однос на потребите од услуги:



**На прашањето,, *Имаш ли потреба од некои посебни услуги, наведи кои,,?***

Од вкупниот број анкетирани 46% не одговориле, 20%-одговориле дека немаат потреба, а другите 34% одговориле дека имаат потреба: да се подобри стазата, спортски терени, повеќе натпревари, дружење, информатички и информативни услуги, информирање, информативно советодавни услуги за отпочнување сопствен бизнис, за помош и поддршка.



**На прашањето,, *Услугите ти се потребни заради,, ?***

Се забележува дека најголемиот број млади покажуваат проактивност во однос на дефинирање на потребите од развој на услуги за младите во општината и подобрување на квалитетот на живот. Покрај услуги наменети за дружење (во кои младите ќе реализираат секојдневни активности), се потенцира потребата од услуги за: информирање ,советување, зголемување на личните компетенции, иницијативност, помош и поддршка. Во однос на возраста на анкетираните млади се забележува дека младите на возраст од 15-19 години повеќе се заинтересирани за услуги за дружење, и информирање а од возрасната група 20-24-за развој на лични компетенции, советување и информирање.



**На прашањето,, *Што за тебе е најприоритетна услуга,,?***

Се забележува дека во однос на приоритетноста на услугите само околу 1/3 од анкетираните се изјасниле давајќи им предност на услугите за информирање ,обуки за зголемување на компетенциите, услуги за ранливи групи граѓани, но и за рекреативни и спортски активности.

Од вкупниот број анкетирани 68% не дале одговор, 32% одговориле: услуги за деца со посебни потреби, поголема помош за социјални случаи, информирање, обука за зголемување на компетенциите рекреација, теретана, спортски турнири и активности за забава, кино, базен.



**На прашањето „*Која би можел да ја развие оваа услуга,,?***

Значајно и позитивно е што младите ги препознаваат чинителите на локално ниво кои би можеле да развијат услуги во општината како одговор на потребите на младите, потребна е координирана и систематска соработка на локаната самоуправа, јавните институции и НВО.

Од вкупниот број анкетирани 27% не одговориле, 20% локалната самоуправа, 27% јавните институции,10% НВО,12% сите чинители (локалната самоуправа, јавните институции во општината и НВО) и 2% јавните институции и локалната самоуправа, 2% други-училиштата.



**На прашањето,, *Имаш ли искуство од доброволна/младинска работа и во која,,?***

Се забележува дека скоро половина од анкетираните навеле дека имаат искуство од доброволна/младинска работа, но дека не ги познаваат сите видови младинска работа и корист од нив. Доброволната/ младинска работа најчесто е поврзана со потребата од вклученост во заедницата и посветеност кон другите искажана преку хуманитарни активности за помош и поддршка на ранливи групи граѓани, но и со земјоделски работи и садење дрва. За дел од наведените работи како доброволна младинска работа во фабрика, такси кафе бар и машинска работа нема доволно податоци на што се однесувала таа работа.

Од вкупниот број анкетирани 41% одговориле дека имаат искуство, а како доброволна, младинска работа навеле: Црвен Крст, крводарителство, хуманитарни активности, помош на сиромашни во собирање храна работа во фабрика, во такси, во кафе бар, машинска работа, земјоделие, садење дрва



**На прашањето,, *Дали би сакал/а во иднина да се вклучиш во доброволна/младинска работа и каков вид работа,,?***

Се забележува дека младите од Гевгелија имаат позитивен однос кон доброволната младинска работа и ја препознаваат користа на личен план и за заедницата, дел од младите кои претходно немале искуство со доброволна младинска работа би сакале да ја практикуваат во иднина, само ¼ од анкетираните не би сакале да се вклучат во ваква работа. Во фокусот на интересот повторно се хуманитарната работа и помош и поддршка на ранливи групи деца, но и желбата за практикување на професионалните знаења/вештини, заштита и уредување на околината и грижа за животните.
Од вкупниот број анкетирани кои имале искуство со доброволна младинска работа 35% сакаат и понатаму да продолжат со оваа работа, 7% не сакаат да продолжат со оваа работа, 34% од оние кои досега немале искуство од доброволна/младинска работа би сакале да се вклучат во вакви активности, 24% понатаму не сакаат да се вклучат во вакви активности .

Како активности во кои би сакале да развиваат доброволна /младинска работа ги наведуваат: Црвен Крст, хуманитарни активности, собирање средства, помош на сиромашни и деца со посебни потреби, помош на болни од леукемија, работа поврзана со она што го учам, според факултетот, спорт и безбедност пошумување, грижа за животни и сл.



**На прашањето,, *Дали би се вклучил/а во некои активности со деца мигранти,,?***

Се забележува позитивен однос на младите кон мигрантите и прифаќање на активности со деца мигранти што веројатно е резултат на неодамнешното искуство на оваа општина со мигрантите, како и актуелниот регионален проект **„HELP ON THE ROUTE“** кој се реализира во општината од граѓански национални и регионални организации.

Од вкупниот број анкетирани 47% одговориле дека би сакале да се вклучат во работа со мигранти, 51 % не би сакале, а 2% - без одговор




***Коментар на една од анкетираните ,,Секое дете заслужува внимание без разлика дали е со посебни потреби или е мигрант,,***

,,***За нас од село нема услови за спорт и рекреација, изучување на странски јазици, а нема и редови возни линии, нема каде да се забавуваме, нема паркови ,кино, место каде би се друżеле само млади, велосипедски патеки, базен, младински организации“, изјава на една од анкетираните.***

***Коментар кон одговорите на анкетираните***

-*поголемиот број од младите имаат хоби*-кое најчесто е поврзано со спорт и рекреација, но и со креативни активности како пеење, цртање, медијација, фолклор

-*поголемиот број на млади не членуваат во некои организации*, а најчесто причината е поради слабата информираност за постоење од истите

- *постоењето на услуги за млади во општината или не го препознаваат или го поврзуваат со понудата поврзана со спорт и рекреација* (интернет кафе, билјард,

теретана, кафулиња, игралишта), а мал дел и постоењето на одредени граѓански организации и нивните програми.

-Анкетираните млади искажуваат *потреба од развој на услуги кои согласно искажаната потреба се по следниот приоритет: Информативни, рекреативни, креативни, но и барања за реновирање на игралиштата, стази за возење и шетање, поддршка на млади таленти, кино и базен*

-Потребата од развој на услуги на локално ниво најчесто е заради: *подобрување на информираноста, развој на лични компетенции, дружење, зголемување на иницијативноста, советување на одредени прашања, помош и поддршка и развој на бизнис.*

-*поголемиот број анкетирани не навеле што е приоритетна услуга*, но има и предлози за услуги за социјални случаи, за деца со посебни потреби, информирање, зголемување на компетентноста, спортски турнири и сл.

-*во однос на препознавање кој би можел да ги развие услугите дел од младите не наведуваат,* но оние кои одговориле најчесто ги наведуваат локалната самоуправа, потоа јавните институции па граѓанскиот сектор или сите три заедно

-*од анкетираните млади 17 или 41% се изјасниле дека имаат искуство во доброволна /младинска работа* вклучувајќи крводарителство, учество во хуманитарни акции за сиромашни семејства, садење дрва, земјоделски работи, но и работа во фабрика, такси компанија и кафе бар

-*од анкетираните млади кои имаат или немаат искуство во доброволна работа 11 или 27% не би сакале да се вклучат, а другите би се вклучиле* во: помош на болни деца, деца со посебни потреби и сиромашни семејства, со деца, хуманитарни активности за сиромашни, во активности на Црвениот крст, како и поддршка други во однос на нивните лични квалификации, спортски активности и активности поврзани со безбедност, пошумување и грижа за животни.

-Во однос на вклучувањето во некои *активности со деца мигранти,* во услови кога во државата се водеа јавни дебати, дискусии, беа иницирани постапки за референдумско изјаснување на населението во одредени локални заедници во однос на содржината на предлог Стратегијата за интеграција на бегалци и странци 2017- 2027 година,*19 учесници или 46% од анкетираните позитивно се изјасниле, односно би се вклучиле во доброволна работа со мигранти.*

### 3.5.3.Наоди од фокус групите

Консултантскиот тим реализира дискусија за предметот на истражување по определените точки во 5 фокус групи составени од учесници по однапред определениот критериум Профилот и бројот на учесници во дискусиите во фокусните групи беше како што следува:

*- претставници од 6 јавни институции во општина Гевгелија -12 учесници*

*- претставници од 4 граѓански организации активни на подрачјето на општина Гевгелија – 4 учесници*

*- претставници на семејства/родители -корисници на права и услуги по основ на изложеност на социјални ризици – 9 учеснички*

*- млади лица од Гевгелија (13 учесници)*

- фокус група на која беа презентирани првичните наоди од проценката на која учествуваа вкупно 15 учесници (8-претставници од јавните институции (општина-1, ЦСР-2, здравство-3, образование-1,вработување -1), граѓански сектор-3, млади -2 и семејства изложени на социјален ризик-2)

Учесниците на фокус групите покажаа интерес за проценката и позитивно ја оценија можноста да учествуваат во дискусија за прашања кои се од нивен непосреден интерес и поврзани со нивното секојдневно живеење.

Дискусијата ги опфати следните прашања: Какви услуги постојат во општината за младите, децата/семејствата ? Кои од услугите тие ги користат? Кои даватели на услуги ги испорачуваат? Колку се задоволни од квалитетот на дадените услуги ? Што недостасува кај постојните услуги? Од какви услуги имаат потреба ? Какви услуги би можеле да развијат ЛС, НВО, јавните институции?

**Младите** не искажуваат големо задоволство од понудата на услугите што се нудат за нивната возрасна група, понудата е ограничена, а и тоа што постои (спортски и културни објекти и игралишта) е недоволно функционално. Слободното време и времето после завршување на училишните обврски најчесто го поминуваат на спортски игралишта, во кафулиња и паркови кои по нивно кажување не се соодветни за нив. Искажуваат загриженост од достапноста и користењето на алкохол и лесни опојни droги (марихуана) и опасноста што ја носат. Поради слабата информираност и непостоење на „младински простор / клуб / центар,, во кој би можеле да го поминуваат слободното време преку учество во разни програми од едукативен, информативен, рекреативен, креативен карактер, отсуствува иницијативност и младинска проактивност. Сето ова проследено со одреден страв од отфрлање од средината и врсниците и неприфаќање на,, тоа да се биде различен од групата,,. Дискусијата во фокус групата овозможи да дадат свое мислење,, да бидат чуени,, за нивното секојдневие и рутина, да ги споделат личните искуства за нивна вклученост во активности коишто го исполнуваат нивното слободно време, се препознаа млади коишто се позитивни примери во групата и коишто имаат влијание врз врсниците и се истакнуваат со нивната иницијативност.

| *Искази од присутни во фокус дискусијата*<br><br>*,, Другар ми Живко беше тој поради кого почнав да се занимавам со кошарка“, Д.15 год.*<br><br>*,, Би сакал да им помагам на децата со попреченост како што тоа го правам со мојот братучед“, Т, 15 год.* |
|---|

***Заклучок:*** *Од дискусијата произлезе потреба на младите од нивни младински простор во кој би можеле да се дружат, да се информираат, едуцираат, рекреираат, добиваат совети, и да си помагаат едни на други преку споделување на искуства и знаења.*

**Коринснички на права и услуги** од социјална заштита заради изложеност на социјални ризици од сиромаштија, дисфункционалност во семејството, намалени родителски капацитети, занемарени деца, жртви на семејно насилство, присутните имаа можност да проговорат за своите животни проблеми и по тешкотии, за дадената поддршка и услуги од јавните институции на локално ниво, особено од центарот за социјална работа каде остваруваат права/услуги. Во групата беа споделени позитивни искуства од вклученост во вакви програми кои придонеле за надминување и справување со стресни состојби кај жртвата и нејзините деца.

Исказ на жртва на семејно насилство ,,*Насилството врз мене и моите три деца од страна на мојот поранешен сопруг и татко на децата го доживеавме во Германија. Неколкупати во неделата бевме посетувани од страна на надлежните служби и советници работеа со мене и децата, па така успеав да ги надминам траумите и да продолжам да функционирам како родител за моите деца*,,

Исказ на корисничка на социјална парична помош ,,*Имам спортско образование и би можела моето спортско знаење преку вежби и тренинзи индивидуално и во група да го пренесам на млади, деца со посебни потреби или жени. Потребно ми е простор за да можам да го правам тоа,,*

Исказ на мајка на дете кое користело услуги на МГД Кавадарци поради воспитно социјални проблеми *,,По враќањето во Гевгелија, детето е вклучено во училиште, но не е доволно прифатено од соучениците, и јас немам многу знаења да му помагам за на училиште, па бил било добро некој да го подучува детето и да се дружи со него,,*

***Заклучок:*** *Заради надминување на ситуациите во коишто се наоѓаат, јакнење на нивните капацитети и поддршка во функционирањето како родители, потребно е постоење на разновидни програми за поддршка, советување, групи за самопомош и споделување на искуствата.*

**Претставниците на граѓанскиот сектор** информираа за нивни тековни активности со младите и децата/семејствата во ризик, оценувајќи дека понудата е ограничена и по вид и по број на опфатени со услугата ( таргети се лицата со попреченост, сексуални работнички и зависници, и актуелни проекти наменети за мигрантите и мигрантската криза)

***Заклучок:*** *Граѓанскиот сектор од општината има искуство од работа со млади и деца/семејства во ризик и се заинтересирани и проактивни за продолжување на вакви активности, но искажуваат одредена загриженост околу координирањето и одржливоста на програмите и услугите.*

**Претставниците на јавните институции** во дискусијата во фокус групата, секој од аспект на својата надлежност сподели информации за состојбата со младите и децата/семејствата и нивната опфатеност со права и услуги во системот на образование и социјална заштита. Заради обезбедување на достапност на услугите на локално ниво се искажа потребата од развој на услуги за млади и деца/семејства во ризик во општината. Беа препознаени одредени објекти/простори кои се во сопственост на јавните институции

или на општината кои би можеле да се понудат за развој на услуги за млади и деца/семејства во ризик.

Во дискусијата присутните информираа дека во одредени периоди во годината, најчесто тоа се пролетниот и летниот период, евидентно е присуството на деца на улица, најчесто деца Роми, кои во придружба на возрасни или без придружба се движат низ регионот заради полесна заработувачка. Приметено е дека дел од нив пристигнуваат со воз, сами или во група на врсници, а надлежните институции по нивното откривање не располагаат со простор каде би можеле да ги згрижат во интервентни случаи заради обезбедување на безбедно и сигурно место за детето и заштита на неговите права, додека не се идентификува детето, и не се проценат сите факти и околности за негово понатамошно заштитување. Во последниов период оваа појава е забележана и на самиот граничен премин.

Исто така беше потенцирано непостоење на простор каде би можеле да се сместуваат интервентно жртви на насилство, деца во ризик кои би добивале поддршка на локално ниво, би ги одржувале семејните врски додека не се надмине ризикот / кризата во која западнале детето/семејството.

***Заклучок:*** *Локалната самоуправа и институциите на локално ниво ја препознаваат потребата од зголемување на услуги за млади и деца/семејства во ризик и секој согласно својот мандат и надлежност би партиципирал во развојот на услугите заради подобрување на квалитетот на живот на таргет групите.*

**Фокус групата** пред која беа презентирани првичните наоди од теренската работа се согласи со утврдената состојба и идентификуваните потреби, нивните дополнителни коментари, размислувања и сугестии се вградени во текстот. Фокус групата даде можност да се разменат информации за реализираното/нереализираното од предвидените цели на Локалната стратегија за млади 2011-2015 година при што еден претставник кој бил вклучен во нејзиното изготвување изјави :

*,,Планираните активности во Стратегијата се делумно реализирани, или 50%,најмногу во делот на спорт и култура, Во однос на информирањето поставени се младински информативни табли во училиштата и на факултетот, но не и низ градот, како што било планирано, Младински Информативен центар не е формиран, туку Младински парламент кој е формиран од НВО-составен од 120 претставници избрани од секој клас и од факултетот-функционира само 2 години,,*

***Заклучок:*** *Генерално, сите присутни очекуваат ,,раздвижување,, на состојбите, зголемување на иницијативноста, подобрено и ажурно взаемно информирање и координирање заради развој на одржливи услуги кои ќе имаат континуитет, ќе се надградуваат и за кои ќе преземат одговорност чувствувајќи ги како свои*

## 4.ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Младите се носители на позитивните промени, како во Република Македонија, така и ширум светот. Тие се ресурс за иновации и идна движечка сила на социјалниот и економскиот развој. Младите ги предизвикуваат воспоставените норми и вредности и ги градат темелите за иднината на нашата земја. Република Македонија ја уважува оваа значајна улога на младите. Токму затоа од исклучителна важност е постојано и систематски да се вложува во нивниот развој, но и во воспоставување на механизми за нивно активно учество во општествените процеси. Само со градење на вистинско партнерство помеѓу институциите и младите ќе осигуриме дека политиките се инклузивни, ги одразуваат и адресираат вистинските потреби.

Тргнувајќи од овие постулати чинителите на национално и локално ниво се посветени во достигнување на планираните цели за подобрување на квалитетот на животот на младите, нивна проактивност и вклучување со што ќе се превенира нивна исклученост и ќе се намали изложеноста на социјални ризици кои ги носат современите општествено економски состојби и трансформации низ кои поминува општеството и индивидуите во него.

Општина Гевгелија е општина која се залага за подобрување на квалитетот на животот на младите во својата општина, низ одредени области на делување, кои области се приоретизираат од страна на вклучените млади во оваа Проценка, а се поврзани со обезбедување на простор кој би бил нивни, младински,, и би нудел разни програми од интерес на младите ( информативни, едукативни, креативни, рекреативни и сл. ). Потребно е иницирање за нивна проактивност како основа за нивна понатамошна партиципација и креирање на услуги наменети за нив – тие самите најдобро знаат што им е потребно. Поддржуваат младинска доброволна работа-волонтерски активности и се расположени за давање на волонтерски услуги за ранливи групи деца и млади, вклучително и за деца мигранти/бегалци.

Покрај младите, таргет група на оваа Проценка беа и децата/семејства во ризик и кои имаат потреба од специјализирани типови услуги за нивна заштита. Од анализата на податоците за оваа таргет група во општина Гевгелија, постојните услуги за оваа таргет група во општината, законските можности за развој на услуги и изнесените побарувања на фокус групата, се направи првично согледување на приоритетните потребите од услуги/сервиси. Може да се констатира дека постојните услуги се недоволни, најчесто ги обезбедува центарот за социјална работа, општината одвојува од својот буџет за потребите на ранливите групи, граѓанскиот сектор дава услуги најчесто кон лицата со посебни потреби, маргинализирани групи ( зависници, сексуални работнички, подигање на јавната свест за правата на мигранти/бегалци). И покрај тоа што општината е транспарентна за своето работење (веб страна, општински билтен, локални медиуми), се забележува слаба взаемна информираност за потребите на таргет групите и за можностите што општината ги нуди за таргет групите.

Заради одговор на искажаните потреби на младите и децата/семејствата во ризик потребно е да се обезбеди простор кој би бил наменет за нивните потреби, би нудел разновидни програми кои би го задоволиле интересот на двете таргет групи и би овозможил нивна взаемна поддршка со што младите би имале каде да го поминуваат слободното време, да се информираат, рекреираат, едуцираат, да даваат врсничка поддршка на деца и млади од ранливите групи, но и меѓусебна. Ранливите групи, покрај ЦСР, би добиле дополнителен простор/ресурс, во кој би се реализирале програми за нивна поддршка.

Врз основа на претходни сознанија како и информации добиени од разни испорачатели на услуги, децата и младите сместени во прифатниот центар Винојуг

своите потреби (за информирање, едукација, креативно изразување, рекреација, советување, поддршка), кои се слични на потребите на младите воопшто ги задоволуваат во рамки на центарот со ограничена можност за движење. Развој на услуги за младите и семејствата / децата во ризик во заедницата, како што е и младинскиот простор би можел да овозможи користење на овие услуги и за сместените мигранти во Винојуг.

Одговорот на потребите на граѓаните со посебен акцент на младите и децата/семејствата во ризик во таргетираната општина, произлегуваат од можностите кои се наоѓаат во позитивните законски прописи, стратешките и развојни документи на национално и локално/регионално ниво, претходни анализи, проценки, позитивни искуства на разни чинители и сл. Тековните процеси за децентрализација, деинституционализација и плурализација на социјалните услуги одат во прилог и ги поддржуваат иницијативите за развојот на услуги од страна на разни даватели на локално/регионално ниво согласно проценетите потреби.

Услугите за кои се утврди дека се потребни за таргет групите може да се развиваат согласно можностите наведени во документите кои беа предмет на деск анализа на оваа проценка, а се препознаваат како :

- превентивни активности (едукативно-советодавна работа, форми на самопомош, волонтерска работа)
- услуги од дневна грижа/сервис
- можности за интеграција и интеракција на различни категории млади (информативни, едукативни, креативни, рекреативни, спортски активности и сл.)
- дел од услугите може да се развиваат за потребите на регионот

| Таргет група | Потреби | Услуги |
|---|---|---|
| Млади | за дружење и заедничко поминување на времето | Младински простор |
| | Да бидат информирани | - Во младинскиот простор<br>- Информативен простор во рамки на општината<br>- Електронски информатор<br>- Медиумска покриеност за младински прашања |
| | креативно изразување | Програми за креативно изразување во младинскиот простор и во заедницата |
| | едукативни | Програми за развој на лични вештини и компетенции |
| | Рекреативни | Програми за рекреативни активности и спортски, еколошки активности, во |

| | | |
|---|---|---|
| | | младинскиот простор и во заедницата |
| | работа во заедницата, волонтеризам | Програми за развој и практикување на младинска доброволна работа и волонтеризам<br>- врсничка едукација<br>- менторство |
| | Советување | Програми за советување на теми од интерес на младите<br>Советувалиште за млади |
| Деца и млади сместени во центарот Винојуг | информирање, едукација, креативно изразување, рекреација, советување, поддршка | Во Младинскиот простор преку соодветни програми |
| Деца во ризик (*деца од семејства со намален родителски капацитет, во ризик да останат без родителска грижа, од сиромашни семејства, воспитно-социјално запуштени*) | Вклучување и прифаќање,<br>Поддршка и советување<br>водство и зајакнување<br>едукација (помош во школски активности)<br>за креативно изразување<br>рекреација и спорт<br>дружење | програми согласно на потребите кои ќе се спроведуваат во посебен простор и во заедницата<br>Врсничка едукација, менторство,<br>доброволна младинска работа<br>Советувалиште за деца<br>Центар за деца |
| Деца во движење /деца на улица | заштита од злоупотреба, безбедност, задоволување на основни потреби | простор за интервентно и краткотрајно сместување, кој може да биде од регионален карактер |
| Семејства во ризик | Подобрување на родителски капацитети<br>Помош и поддршка во справување на животни ситуации и состојби ( загуби, развод, разделби, насилство, сиромаштија, невработеност)<br>Дружење и споделување на животно искуство<br>Вклучување и интегрирање во заедницата<br>Помош во грижа за деца | Простор за спроведување на :<br>Програми за стекнување на ставови, знаења и вештини за позитивно родителство,<br>Програми за справување со животни предизвици и надминување на одредени состојби,<br>Програми за јакнење на професионални капацитети за претставување на пазарот на трудот<br>групи за самопомош и поддршка<br>советувалиште од регионален карактер<br>центар за ран детски развој |

***Препораки:***

1. Преземање на активности за сензибилизирање и подигање на јавната свест за потребите на младите и децата/семејствата во ризик и вистинска посветеност и вклученост на чинителите на локално ниво во креирање на услуги согласно утврдените потреби, со цел подобрување на взаемната информираност на граѓаните и локалната самоуправа.

2. Идентификување на субјекти кои можат да партиципираат/менаџираат услуги/сервиси наменети за таргет групите.
*Согласно законските можности како субјекти кои може да развиваат и даваат услуги/сервиси, а кои се препознаени во Проценката се:*
   - *Локалната самоуправа со обезбедување простор, финансирање, информирање*
   - *Институции во социјална сфера (информирање, идентификување, упатување, давање услуга)*
   - *Граѓанскиот сектор(информирање, идентификување, упатување, давање услуги )*
   - *Образование, здравство –информирање, идентификување, упатување*

3. Согласно законските и развојни документи, искажаните потреби на таргет групите упатуваат на потреба од развој на ,,*ИНТЕГРАТИВЕН ЦЕНТАР*,, како простор за,, средба,, на таргет групите со разновидни програми, разни нивоа на поддршка, можност за искажување на младинскиот активизам и волонтеризам.
*Проценката упатува дека согласно потенцијалите, капацитетите, надлежноста и заинтересираноста на чинителите, оптимално е во формирањето, основањето, менаџирањето, обезбедувањето услуги, да се направи партнерство на локалната самоуправа, институциите на локално ниво ,граѓанскиот сектор, бизнис заедницата, поединци кои поседуваат компетенции за работа со таргет групите.*

   *Согласно проценетите потреби и утврдените приоритети на таргет групите, потребно е да се развие:*
   - ***Советувалиште за деца и млади*** каде ќе може да се информираат и едуцираат, советуваат за важни прашања од нивниот живот и развој
   - ***Советувалиште за родители*** со Програми за стекнување на ставови, знаења и вештини за позитивно родителство, Програми за справување со животни предизвици и надминување на одредени состојби, Програми за јакнење на професионални капацитети за претставување на пазарот на трудот и групи за самопомош и поддршка
   - ***Младински Програми :***
   *- за развој на лични вештини и компетенции*
   *-за развој и практикување на младинска доброволна работа и волонтеризам*
   *- врсничка едукација*
   *- менторство*
   *- за креативни и рекреативни активности*
   *- за спортски, еколошки активности*

4. Истовремено, во рамки на овој ,, *интегративен центар*,, да се предвиди простор за интервентно и краткотрајно сместување (обезбедување хигиена, храна и престој) на деца кои се движат низ општината/регионот без разлика дали имаат или немаат државјански статус, деца жртви на злоупотреба и занемарување , како одговор на потребите на општината и институциите за обезбедувањето на заштита на деца, намалување на ризиците од престој на улица и брза интервенција.

5. Во ,,*интегративниот центар*,, би можело да се обезбедат и простории за функционирање на центар за ран детски развој, или слична форма на згрижување на деца на младите родители кои немаат потреба да обезбедат целодневен престој за нивните деца.

6. Да се направи анализа на можностите (законски, просторни, испорачувачи на услуги и сл.) ,, интегративниот центар,, да се користи како место каде судот може да упати дете со изречена воспитна мерка, упатување во центар за деца, како и можност изречената посебна обврска да има каде да се реализира. Ова би бил оптимален простор и за реализирање на ,,менторска работа,,.

# 5.ПРИЛОЗИ

## Прилог 1 - Опис на целните групи

**Терминот млади** се **однесува на сите лица на возраст од 15 до 29 години**. Тоа е категорија која во себе носи огромен потенцијал, како клучен ресурс за општествен напредок, но и особена ранливост на социоекономските промени во општеството. (*Национална стратегија за млади* )

**Дете во ризик** е секое дете кое наполнило седум, а не наполнило 18 години со телесна попреченост или пречки во менталниот развој, жртва на насилство, воспитно и социјално запуштено, кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите/или/от, односно старателите/или/от, кое не е вклучено во системот на образованието и воспитувањето, вовлечено во питање, скитање или проституција, кое употребува droги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол, а кое поради ваквите состојби е или може да дојде во допир со закон како жртва или како сведок на дејствие кое со закон е предвидено како прекршок или дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело, (*Закон за правда за децата)*

Поимот деца во ризик би го поврзале и со ризик од сиромаштија и социјална исклученост, дете без родители и во ризик да остане без родителска грижа, маргинализирано и дискриминирано.(*Закон за социјалната заштита, Закон за семејство, Закон за заштита на децата)*

**Бегалци** – Бегалец е лице кое против своја волја е раселена од својата татковина или место на живеење. Во 1938 година доаѓа до пошироко разбирање на поимот бегалец, кога во оваа категорија се вброени и лица кај постои објективен страв од прогон поради етничката и верска припадност или политички убедувања. Со текот на времето овој термин се проширил и на сите оние луѓе кои побегнале од своите домови на други места во рамките на својата татковина – внатрешно раселени лица. Овој статус или бегалскиот статус трае се додека лицето не добие ново место на престојување или не се врати во својот дом.

**Деца во движење -,,children on the move,,**, поим кој се појавува во поново време, и под овој феномен се подразбира деца кои мигрираат, а кои при миграцијата се изложени на посебни ризици. Тоа се ,, деца кои од најразлични причини, доброволно или присилно, со или без своите родители/старатели мигрираат во рамки на својата држава или помеѓу повеќе држави и при тоа движење тие се посебно изложени на ризици од неадекватна грижа, економска и сексуална експлоатација, злоставување, занемарување и насилство,,.

**Непридружувано дете** – дете кое е одвоено од двата родитела и други роднини и за кое не се грижи возрасен кој по закон или обичај е одговорен да го прави тоа.

**Одвоено дете** – дете кое е одвоено од двата родитела или од неговиот претходен старател по закон или обичај, но не и од други роднини. Оваа категорија вклучува деца кои се придружувани од друг постар член на семејството.

**Барател на азил** – странец кој бара заштита од Република Македонија и поднел барање за признавање на правото на азил, за кое не е донесена конечна одлука во постапката за признавање на правото на азил. Во моментот кога лицето поднесува барање за азил, тој/таа не се смета за илегален мигрант. Доколку земјата одлучи да го прифати барањето, лицето станува бегалец или лице под супсидијарна заштита, зависно од случајот и во согласност со Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 год.

**Малолетно лице без придружба** е странец кој не навршил 18 години, а пристига на територијата на Република Македонија без придружба на застапникот по закон, или останал без таква придружба откако влегол на територијата на Република Македонија. Министерството за внатрешни работи ќе ги преземе сите потребни мерки за пронаоѓање на членовите на семејството на малолетното лице без придружба. Најдобрите интереси на детето, пред се, ќе бидат земени предвид при оценување на барањата за признавање право на азил на малолетни лица без придружба. ( *Закон за азил и привремена заштита*)

Барателите на право на азил до донесување на конечна одлука во постапката за признавање право на азил имаат право на: - престој; - бесплатна правна помош; - сместување и згрижување во Прифатен центар или друго место за сместување определено од Министерството за труд и социјална политика, доколку искаже потреба за истото; - основни здравствени услуги согласно со прописите за здравственото осигурување; - право на социјална заштита согласно со прописите за социјалната заштита; - право на образование согласно со прописите за основно и средно образование; - работа само во рамките на Прифатниот центар или друго место за сместување определено од Министерството за труд и социјална политика и како и право на слободен пристап на пазарот на труд за барател на право на азил на кој барањето за признавање на право на азил не му е решено во период од една година, по истекот на периодот од една година и -

контакти со Високиот комесаријат за бегалци, како и невладини хуманитарни организации заради давање на правна помош во постапката за признавање право на азил. Министерството за труд и социјална политика за наведените права ги известува барателите на право на азил во писмена форма на јазик за кој разумно може да се претпостави дека го разбираат или во усна форма со помош на преведувач. Министерството за труд и социјална политика се грижи за обезбедување на средства за издржување и здравствена заштита на барателите на право на азил, додека се наоѓаат во Прифатниот центар или друго место за сместување определено од ова министерство.

Барателот на право на азил е должен: - да престојува во Прифатниот центар или друго место за сместување определено од Министерството за труд и социјална политика и да не го напушта местото на престој одредено од надлежниот орган без да го информира за тоа или без да има дозвола за напуштање на истото, ако е за тоа потребна; - да соработува со органите за признавање на право на азил, особено да дава лични податоци, да ги предаде идентификационите и други исправи што тој можеби ги поседува, да овозможи негово фотографирање и дактилоскопирање, личен претрес и претрес на багажот и возилото со кое пристигнал во Република Македонија, како и да дава податоци за својот имот и приходи; - да се подложи на здравствени прегледи, лекување и пропуштено вакцинирање по барање на органите надлежни за работите од областа на здравството, во случај на опасност по здравјето на луѓето и - да ги почитува куќните правила на Прифатниот центар или друго место за сместување определено од Министерството за труд и социјална политика и да не покажува насилно однесување.

Сместување и социјална грижа за баратели на право на азил, признаени бегалци или лица под супсидијарна заштита се врши во Прифатниот Центар за баратели на азил, со кое раководи МТСП.

*Законот за социјална заштита, предвидува ЦСР да врши работи за признавање на парична помош на лица со признаен статус на бегалец и лице под супсидијарна заштита*

## Прилог 2 - Младински центар

CreACTive е младинска асоцијација за поддршка на креативноста и активно граѓанство на млади луѓе. Формирана во 2007 година, КРЕАКТИВ има главна цел да им помогне на развојот на младите, преку обезбедување на нивни различни неформални образовни активности.
Креактив во моментов има еден Младинскиот центар во Кавадарци и два младински клуба - еден во Скопје и еден во село Дреново . Креактив спроведува разни младински проекти на локално и меѓународно ниво. Додека локалните активности се движат од работилници, концерти, волонтерски акции, семинари и спортски натпревари во различни претстави и други настани, меѓународни работа Креактив вклучува младински размени и тренинг курсеви организирани во Македонија и во други земји, главно во рамките на Програмата Млади во Акција Програма на Европската комисија. Креактив исто така, испраќа и е домаќин на волонтери преку Европскиот Волонтерски Сервис, а од 2008 година тој функционира како Контакт точка за Програмата Млади во Акција на Македонија.

Младински центар Кавадарци

Младинскиот центар во Кавадарци е проект на Младинската асоцијација Креактив. Основан во септември 2009 година, Центарот обезбедува неформално образование и слободни активности за младите од Кавадарци, на возраст меѓу 13 и 25 години.

Младинскиот центар е отворен секој ден од 11 до 21 часот. Нуди курсеви по англиски и француски јазик, работилници за фотографија, дебати, компјутери, уметност, театар, акустична гитара и спорт. Еднаш неделно, центарот организира интеркултурни вечерни и филмски ноќи. Сите активности се бесплатни за членовите.

Во текот на целиот ден, Младинскиот центар е отворен и за млади луѓе кои сакаат да го поминат слободното време на интернет, да играат игри или само да разговараат со своите пријатели.

Младинскиот центар во Кавадарци е координиран од двајца младински работници, додека активностите се организирани заедно со Мировниот корпус

## Прилог 3 – Меѓународно и домашно законодавство

### Конвенција за правата на детето ( КПД)

КПД е основ за меѓународна заштита на правата на детето. Како резултат на оваа конвенција, децата имаат меѓународно признаени човекови права. Според меѓународните конвенции и договори, државите имаат обврска да ги заштитат сите деца во рамките на територијата на државата без разлика на земјата на потекло и правниот статус на децата

Генералното собрание на Обединетите нации ја донесе Конвенцијата во ноември 1989 година, а во текот на 2000 година, беа донесени два факултативни протоколи. Со Првиот факултативен протокол се ограничува вклучувањето деца во воени конфликти, а со Вториот факултативен протокол се забранува продажбата на деца, детската проституција и детската порнографија. Овие документи се најрелевантни меѓународни документи во обласа на правата на детето.

Македонија ја ратификуваше Конвенцијата во 1993 година и согласно членот 118 од македонскиот Устав, севкупната меѓународна легислатива со ратификацијата станува дел од внатрешниот правен поредок. Оттука државата има обврски да ги имплементира одредбите од овие инструменти, да поднесува извештаи до меѓународните механизми за извештаите за напредокот во имплементацијата определени со Конвенцијата за правата на детето на ОН

КПД е договор за човековите права во којшто се утврдени граѓанските, политичките, економските, социјалните, здравствените и културните права на децата. Конвенцијата генерално го дефинира детето како секое човечко суштество кое не наврщило осумнаесет години од животот, освен ако врз основа на законот на одредена земја полнолетството не се стекнува порано.

КПД е важен меѓународен документ кој воспоставува директна врска меѓу детето и државата и каде се допираат правата и обврските во однос на сите сегменти од детскиот живот и развој :

- децата имаат човекови права и мора да бидат третирани со еднаквост, почит и достоинство, не поради тоа што тие се „иднината“ или „возрасните на утрешнината“, туку поради тоа што тие се човечки битија денес.

- тие се индивидуални идентитети, и имаат глас кој мора да биде чуен и да му се даде соодветно вреднување.
- децата и адолесцентите не се мини возрасни луѓе – тие се квалитативно различни. Тие имаат физички, психолошки и социјални потреби кои мораат да бидат исполнети за да се овозможи здрав раст и развој.
- степенот до кој родителите, семејството, заедницата и општеството се во состојба да ги исполнат развојните цели (или не) има долгорочни последици за видот на возрасни луѓе во кои тие ќе пораснат.
- имаат потреба од заштита - на децата им е потребна посебна заштита додека не достигнат ниво на физичка, ментална и емоционална зрелост за да ги преземат одговорностите на возрасноста.

**Право на најдобар интерес на детето** е еден од клучните принципи на Конвенцијата кој предвидува сите постапки кои ги презема државата кон детето да се во негов најдобар интерес, без разлика дали ги преземаат јавни или приватни институции, институции од социјалната заштита, судски и законодавни и административни органи. Најдобриот интерес треба да биде од витално значење при донесување на одлуки и спроведување на активности кои се однесуваат на секое дете поединечно, но и на одредена група деца. Принципот на најдобриот интерес на детето претставува општ принцип кој во најширока смисла на зборот води кон остварување на благосостојба на детето.

За да се одреди најдобриот интерес на детето неопходно е да се земе во предвид индивидуалната состојба на секое дете - неговата ранливост и резилиентност, потребата од заштита, развојните потреби, но исто така и воспитувањето, културата, јазикот. Одредувањето на најдобриот интерес на детето бара сеопфатна анализа на ситуацијата, состојбата и околностите во кои се наоѓа детето, при што посебно е важно и неопходно да се уважи и перспективата на детето – да се информира, да се чуе негово мислење и ставови.

**Право на недискриминација** – фундаментален принцип за имплементација на КПД, кој гарантира дека сите деца ќе може да ги уживаат своите права без дискриминација по било кој основ. Одговорноста на државата е во нејзината активна улога на полето на превенција на сите облици на дискриминација и обезбедување услови за остварување на правата на сите деца кои се под нејзина јурисдикција вклучувајќи ги деца бегалци, мигранти, баратели на азил, без разлика на нивното државјанство или мигрантски статус. Принципот на недискриминација се однесува на сите права. Кога станува збор за овој принцип, треба да се нагласи дека Конвенцијата ги препознава посебно ранливите групи деца и ја истакнува потребата од обезбедување додатна поддршка на овие деца во остварувањето на нивните права. Државите членки преземаат соодветни мерки на детето кое бара статус на бегалец во согласност со соодветниот меѓународен или национален закон и процедурите без оглед на тоа дали детето е во придружба на своите родители или на некое друго лице или не, за да му овозможат да добие заштита и хуманитарна помош во остварувањето на правата на човекот или за хуманитарните прашања.

**Право на живот, опстанок и развој –** подразбира дека правото на живот, како основно човеково право подразбира не само физички опстанок, туку и право на развој на детето до остварување на неговите целосни капацитети, при што остварувањето на целосниот развој на детето е условен од холистичката примена на сите членови од Конвенцијата**.**

**Право на партиципација –** препознавањето на детето како носител на права и активен субјект во својот живот и развој, е изразено експлицитно или имплицитно во повеќе членови на Конвенцијата . Детето има право слободно да го изрази своето мислењево сите ситуации и постапки кои се однесуваат на него и има право неговото мислење да се уважи. Со ова се втемелува правниот, но и социјален статус на децата – иако немаат автономија како возрасните, тие сепак се носители на своите права. Правото на детето да биде вклучено во реализирањето на своите права, односно правото на партиципација е едно од клучните права од Конвенцијата, државите потписнички се должни да им овозможат на децата да ги изнесат своите гледишта во сите ситуации кои се од значење за децата. Децата имаат право да носат одлуки кои се релевантни за нивниот живот- во семејството, во рамки на услугите од социјална и здравствена заштита, во училиштето, локалната заедница ...

***Со ова право се препознава вредноста на детската партиципација во процесот на одлучување.*** На личен план, на детето му се овозможува да разбере што е тоа најдобар интерес за него и да го почитува истото, да препознае и да укаже на ситуации на занемарување или кршење на некои права, како и да преземе чекори за промоција и заштита на своите права. Од друга страна, се препознава потенцијалот на децата да бидат активни граѓани кои ќе допринесат во развојот на средината каде живеат. Поради тоа, принципот на партиципација мора да постои кога се носат одлуки кои се однесуваат на децата, се развиваат услуги и програми кои се наменети на децата.

Правото на свое мислење и изразување на мислење за секоја одлука, дефинирано е со чл.12, а дополнето со правото на изразување (чл.13), на слободата на мислење, совест и вероисповед (чл.14), на слобода на здружување (чл. 15),, на приватност (чл.16) и достапност кон соодветни информации (чл.17), сите овие права го сочинуваат корпусот на **правото на партиципација**, како четврт принцип и услов за обезбедување на останатите права од Конвенцијата.

Конвенцијата исто така дефинира и права кои се од посебно значење за ситуацијата на децата во движење, и тоа : право на заштита од физичко и ментално насилство, злоупотреба и занемарување (чл.19*),* заштита од сите облици на сексуално искористување и злоупотреба (чл. 34*),* заштита од киднапирање, продажба и трговија со деца како и сите други облици на искористување кои штетат на благосостојбата на детето, како и на нехумани и понижувачки постапки и казнување (чл.35, чл.36, чл.37), Државата исто така има обврски да обезбеди поддршка за физичко и психичко закрепнување на дете жртва на насилство, како и поддршка за негова интеграција во општеството чл.39)

## Устав на Република Македонија

**Уставот** ги утврдува темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија. Едни од нив се основните слободи и права на човекот и граѓанинот, владеењето на правото, хуманизмот, социјалната правда и солидарноста, во кои се содржани основните одредби за остварување на правата од социјалната заштита. Утврдени се основите за развој на модерна социјална држава во кои јавниот и приватниот

сектор се надополнуваат врз принципите на хуманост, солидарност и социјална праведност, што ги обезбедува социјалните и економските права на човекот и граѓанинот.

Уставот утврдува право на секој граѓанин на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и колективен договор(член 34).

Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните врз начелото на социјална праведност, гарантира право на помош на немоќни и неспособни за работа како и посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот (член 35).

Републиката им обезбедува посебна заштита на семејството и преку него и заштитата на децата, вклучувајќи ги и правата и обврските на родителите и децата. Републиката обезбедува посебна заштита на децата без родители и без родителска грижа (член 40) и посебно ги заштитува мајчинството, децата и малолетните лица (член 42).

Странците во Република Македонија уживаат слободи и права гарантирани со Уставот, под услови утврдени со закон и меѓународни договори.

**Закон за семејството**

Законот за семејство ги регулира односите помеѓу децата и родителите, правата и должностите на родителите и децата, засновање на односи помеѓу нив, начинот на вршење на родителското право, акцентирајќи ја посебната заштита на децата без родители и без родителска грижа.

Законот за семејството, утврдува дека дете без родителска грижа е дете чии родители не се живи, кои се исчезнати, непознати или се со непознато живеалиште повеќе од една година и дете чии родители без оглед на причините привремено или трајно не ги извршуваат своите родителски права и должности.

Децата кои од било кои причини остануваат без родителска грижа се заштитуваат преку назначување на старател кој ќе ги штити нивните права и интереси и ставање под старателство.

Постапката за ставање под старателство на малолетното дете и назначување на старател ја води Центарот за социјална работа како единствено надлежен старателски орган. Центарот за социјална работа ќе продолжи да му дава помош на лицето на кое старателството му престанало поради полнолетство ако тоа, додека траело старателството, од оправдани причини не можело да се оспособи за самостоен живот и работа.

Центарот за социјална работа секогаш кога ќе добие известување од Министерството за внатрешни работи дека е идентификувано малолетно лице- жртва на трговија со луѓе, веднаш презема мерки за заштита на личноста, правата и интересите на детето и го става под старателство. За старател на малолетно лице - жртва на трговија со луѓе се поставува лице кое е обучено за работа со деца - жртви на трговија со луѓе.

Центарот за социјална работа во случаи предвидени со Законот за семејство ќе преземе потребни мерки за заштита на личноста, правата и интересите на странски државјани додека органот на државата, чиј државјанин е тој, не донесе потребно решение и не преземе определени мерки.

## Закон за социјалната заштита

*Социјалната заштита* е систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита.

Под *социјален ризик* се подразбира:

- ризици по здравје ( болест, повреда и инвалидност)
- ризици на старост и стареење
- ризици на едно родителско семејство
- ризици од невработеност, губење на приход за издржување врз основа на работа и сл.
- Ризици од сиромаштија
- Ризици од друг вид на социјална исклученост

Корисниците на социјална заштита се државјани на Република Македонија, кои имаат постојан престој во Република Македонија и странски субјекти кои имаат регулиран постојан престој во Република Македонија, во согласност со законот. Граѓаните на Република Македонија кои немаат постојан престој во Република Македонија и странските субјекти кои имаат регулирано привремен престој во Република Македонија, во согласност со законот, ги користат правата на социјална заштита под условите утврдени со Законот за социјална заштита  или друг закон и со меѓународните договори и конвенции. Правото на социјална заштита му се доделува на лицето-барател на право на азил, лице со статус на признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита, под услови и на начин утврдени со закон.

Републиката се грижи за социјалната заштита на граѓаните согласно начелото на социјалната праведност. Социјалната заштита во Република Македонија е заснована врз начелото на хуманизам, социјална праведност и солидарност, која држава им ја гарантира на сите граѓани без разлика на пол, раса, боја на кожа, национална, етничка, социјална, политичка, верска, културна, јазична, имотна и општествена припадност, онеспособеност и потекло.

Републиката го воспоставува системот на социјалната заштита и го овозможува неговото функционирање, обезбедува услови и мерки за вршење на социјално-заштитната дејност и развива форми на самопомош.

*Носители на социјалната заштита се* Републиката, општината, градот Скопје и општините на градот Скопје, во рамките на нивните надлежности, а во согласност со Законот  за социјална заштита.

Владата на РМ донесува Национална програма за развој на социјалната заштита, во која се утврдуваат целите, приоритетите и правците на развој на социјалната заштита на граѓаните во РМ, со мерки на активна политика на среден и долг рок.

Владата донесува годишна програма за остварување на социјалната заштита со која ги утврдува подрачјата на социјалната заштита, потребите на населението, социјалната превенција и начинот и средствата за остварување на социјалната заштита.

***Општината,*** градот Скопје и општините во градот Скопје обезбедуваат спроведување на социјалната заштита во согласност со Законот за социјална заштита, донесуваат програми за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита, согласно со Националната програма за развој на социјалната заштита, ги обезбедуваат обврските утврдени со Законот за социјална заштита и донесуваат општи акти од областа на социјалната заштита. Донесените Програми се доставуваат на МТСП на мислење.

Општината може самостојно, од сопствени средства, да финансира и програма за социјална заштита на граѓаните од своето подрачје, над нивото што го обезбедува Републиката.

Системот и организацијата на социјалната заштита го сочинуваат установите, институциите, мерките, активностите и формите коишто се остваруваат во рамките на реализирањето на правата на граѓаните од доменот на социјалната заштита.

Правата од социјална заштита се остваруваат со преземање мерки заради остварување на социјална превенција, вонинституционална и институционална заштита и парична помош од социјална заштита.

***Услуги и мерки од социјална заштита***

**Социјална превенција**

Со мерки и активности од социјалната превенција се спречува настанување на социјални ризици, се врши рано откривање и ран третман на граѓанинот изложен на социјален ризик, со цел надминување или ублажување на штетните последици од изложеноста на социјален ризик.

На национално ниво превенцијата се планира со Националната програма за развој на социјалната заштита 2011 - 2021, а општините во рамки на нивни надлежности донесуваат соодветни програми и обезбедуваат средства.

Социјалната превенција се остварува преку едукативно-советувалишна работа, развивање на формите на самопомош, волонтерска работа со лично ангажирање и примена на други методи кои соодветствуваат на потребите на корисниците на социјална заштита.

Реализацијата на мерките и активностите се остварува во центрите за социјална заштита во соработка со општината, предучилишните, училишните, здравствените установи и другите државни тела и органи, правни и физички лица и здруженија на граѓани.

***Вонинституционална заштита***

**Се остварува во или вон ЦСР и опфаќа право на:**

- прва социјална услуга на корисниците на социјална заштита
- помош на поединец
- помош на семејство
- право на домашна нега и помош
- право на дневно згрижување во дневен центар
- право на сместување во згрижувачко семејство
- право на живеење во мал групен дом
- право на самостојно живеење со поддршка

***Институционална заштита***

- право на оспособување на работно-производна активност
- право на сместување во установа за социјална заштита

***Права на парична помош од социјална заштита***

Социјална парична помош, Постојана парична помош, Паричен надоместок за помош и нега од друго лице Еднократна парична помош и помош во натура**,** Додаток за слепило и мобилност, Додаток за глувост, ПП за лице кое до 18 години имало статус на дете без родители и родителска грижа, Парична помош за студирање, Парична помош за социјално домување, Право на парична помош на самохран родител кој има дете со пречки во развојот, Надоместок за плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот, Право на здравствена заштита, Право на надоместок на трошоци за сместување на лицето и надоместок за згрижување, Парична помош за згрижувач (згрижувачка пензија), Условен паричен надоместок, Паричен надоместок за електрична енергија, Цивилна инвалиднина, Паричен надоместок за мајка која родила четврто дете

***Установи за социјална заштита***

*Установи за институционална заштита*

Во Република Македонија постои мрежа на установи за институционална заштита за одреден вид на корисници согласно нивната возраст, здравствената состојба и специфични потреби: за деца и младинци без родители и родителска грижа, за деца и младинци со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение, за деца и младинци со пречки во интелектуалниот и телесниот развој, за стари лица и за лица баратели на право на азил.

*Установи за вонинституционална заштита*

- Центар за социјална работа
- Дневен центар и клубови за стари и возрасни лица
- Дневен центар за улични деца- деца на улица
- Дневен центар за лица кои употребуваат односно злоупотребуваат ; droги и други психотропни супстанци
- Дневен центар за лица кои злоупотребуваат алкохол или се лекуваат од зависност од алкохол
- Центар за лица бездомници
- Центар за лица - жртви на семејно насилство;
- Центар за лица - жртви на трговија со луѓе
- Дневен центар за лица со ментална или телесна попреченост
- Центар за давање помош во домашни услови

- Терапевтска заедница
- Мал групен дом
- Советувалиште

Централна институција во областа на социјалната заштита во Република Македонија е **Центарот за социјална работа.**

Во Република Македонија постојат 30 центри за социјална работа, кои ја покриваат целата територија. Во ЦСР се решава за сите права од социјална заштита и се укажува вон институционална помош на граѓаните. Оваа институција ги обединува јавните овластувања и стручната социјална работа.

ЦСР помага на сите лица во состојба на социјален ризик, а преку парична помош помага на поединци и семејства кои немаат доволно приходи и чија животна егзистенција е загрозена. Од податоци содржани во Програма за остварување на социјалната заштита во РМ 2017 година, 32.000 домаќинства се корисници на социјална парична помош.

Правата и услугите во центрите за социјална работа ги обезбедуваат лиценцирани стручни работници, (Социјални работници, правници, психолози, педагози, дефектолози, социолози, економисти), низ интердисциплинарна тимска работа, применувајќи методи на работа и форми на заштита, согласно ризикот и потребите на поединците и семејствата во ризик.

**Установа за проучување на социјалните појави и проблеми и унапредување на социјалните дејности –**

Заводот за социјални дејности е установа која покрај другите надлежности ги проучува социјалните појави и проблеми; предлага и спроведува мерки за унапредувањето на социјалната заштита и социјалната работа; изготвува програми, модули за едукација; организира и спроведува облици на едукација на стручните работници во областа на социјалната заштита; дава стручно мислење при изготвување програми за развој на социјалната заштита; остварува соработка со поединци и институции во земјата и странство.

**Здружение** може да врши одредени работи од социјална заштита утврдени со Законот за социјална заштита, доколку е регистрирано за остварување на цели и задачи од областа на социјалната заштита:

- социјална превенција,

- развој и обезбедување на услуги од социјалната заштита на лица, семејства и групи на граѓани изложени на социјален ризик,

- развој и унапредување на социјалната заштита и

- развој и унапредување на волонтерската работа во општината.

Здружението, на начин и под услови утврдени со Законот за социјална заштита, може да ги врши следниве работи од социјална заштита, освен работите кои како јавно овластување со закон се доверени на центарот:

- истражување на социјални појави,

- социјална превенција,

- едукација, советување и стручна подготовка за лица изложени на социјален ризик,

- социјални услуги на лица, семејства и групи на граѓани изложени на социјален ризик,

- советување и обука на волонтери,

- домашна нега и помош на поединец и семејство,

- дневно и привремено прифаќање и згрижување на корисници на социјална заштита во дневниот центар и центар,

- развој и унапредување на волонтерската работа во општината,

- развој и унапредување на социјалната заштита во доменот на своето работење,

- организирано живеење со поддршка и

- обезбедување на мерки за заштита на лица - жртви на семејно насилство, согласно со Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство

**Закон за заштита на децата**

Заштитата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика, која се остварува со обезбедување на услови и ниво на животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата. Државата, како и единиците на локалната самоуправа се грижат за давање на соодветна материјална помош на родителите за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување на развој на установи и служби за заштита на децата. Заштита на децата се остварува преку обезбедување на определени права, средства и облици за заштита на децата.

*Права за заштита на децата* се: детски додаток; посебен додаток; еднократна парична помош за новороденче; родителски додаток за дете и партиципација. Правата ги обезбедува државата, а поголем обем на овие права може да обезбеди општината, доколку за тоа обезбеди средства од сопствени извори.

*Облици на заштита на децата*, се: згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст која се обезбедува во јавни и приватни установи за деца - детски градинки и центри за ран детски развој; одмор и рекреација на деца и други облици на заштита.

***Центар за ран детски развој*** *може да биде основан од општината, домашно или странско физичко или правно лице. Центар за ран детски развој спроведува програма за рано учење и развој на деца од предучилишна возраст од три до шест години, односно до поаѓање во основно училиште. Центарот за ран детски развој остварува скратени програми во траење до три часа дневно со флексибилно работно време според потребите на родителите и заедницата*

**Закон за правда за децата**

Законот го уредува постапувањето со децата во ризик и децата сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци, се определуваат условите за примена на мерки на помош, грижа и заштита, на воспитни и алтернативни

мерки и за казнување на децата и помладите полнолетни лица, положбата, улогата и надлежноста на органите што учествуваат во постапувањето со децата и извршувањето на воспитните и алтернативните мерки и казни, како и мерките за заштита на децата жртви на дејствија, кои со закон се предвидени како кривични дела и на децата сведоци и мерките за превенција на детско престапништво.

Според поимите содржани во Законот **дете во ризик** е секое дете кое наполнило седум, а не наполнило 18 години со телесна попреченост или пречки во менталниот развој, жртва на насилство, воспитно и социјално запуштено, кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите/или/от, односно старателите/или/от, кое не е вклучено во системот на образованието и воспитувањето, во влечено во питање, скитање или проституција, кое употребува дроги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол, а кое поради ваквите состојби е или може да дојде во допир со закон како жртва или како сведок на дејствие кое со закон е предвидено како прекршок или дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело,

Според овој закон, **дете жртва е секое дете на возраст до 18 години** кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на правата и интересите како последица на сторено дејствие со закон предвидено како кривично дело.

Мерките на помош и заштита се мерки утврдени со закон во областа на образованието, во здравствената, социјалната, семејната и во други облици на заштита.

Согласно Законот за социјална заштита, како мерки за помош и заштита кои се реализираат во или преку центарот за социјална работа, се предвидуваат: Прва социјална услуга на корисници на социјална заштита, Помош на поединец; Помош на семејство, Обезбедување на соодветна психо-социјална интервенција и третман, Упатување во соодветно советувалиште, Помош за продолжување на редовното или вонредното школување, Помош за довршување на стручно оспособување, Известување до органот за прогон, Давање секаков вид на правна помош и застапување, Преземање на др. мерки за кои се оценило дека се неопходни за решавање на проблемот, Увид во домот, Интервенција во училиштето, Интервенции во здравството, Соработка со НВО, Обезбедување на лична документација, Сместување во установа за социјална заштита, Право на социјална помош, Надзор над вршењето на родителско право, Старателство.

Согласно Законот за правда за децата, судот изрекува воспитни мерки, меѓу кои и упатување во **центар за деца** на определен број часови во текот на денот во празнични денови и тоа најмногу во четири празнични денови едно по друго, на определен број часови во текот на денот, но најмногу еден месец или на непрекинат престој на определен број денови, но не повеќе од 20 дена, водејќи сметка за тоа со нејзиното извршување детето да не изостане од редовната настава или од работата. Во центарот за деца, детето ќе врши работи што одговараат на неговата психофизичка состојба. Судот може на детето да му одреди една или повеќе посебни обврски ако тоа е потребно за поуспешно извршување на изречената мерка, меѓу кои полезно да го користи слободното време, да се вклучи во работа на хуманитарна организација, комунална, еколошка или невладина организација, да се вклучи во одредена спортска, културно-забавна организација или здружение со обврска да ги посетува редовните проби или тренинзи.

Компаративен приказ на надлежностите и функциите на

општината согласно домашното законодавство

(Закон за локална самоуправа, Закон за социјална заштита, Закон за заштита на  децата)

| **Закон за локална самоуправа** | **Закон за социјална заштита** |
|---|---|
| Надлежноста на општините за социјална заштита, се однесува на грижата на локалната самоуправа во врска со остварување на детска и социјална грижа за:<br>⁕ инвалидни лица<br>⁕ деца без родители и родителска грижа<br>⁕ деца со воспитно-социјални проблеми<br>⁕ деца со посебни потреби<br>⁕ деца од едно родителски семејства<br>⁕ деца на улица<br>⁕ лица изложени на социјален ризик<br>⁕ лица засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол | Во согласност со овој закон, социјалната заштита подразбира:<br>- *Изработување Програми за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита, во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита*<br>- *Остварување на социјална заштита на*:<br>⁕ лица со инвалидност<br>⁕ децата без родители и децата без родителска грижа<br>⁕ децата со пречки во менталниот и телесниот развој<br>⁕ децата на улица<br>⁕ децата со воспитно-социјални проблеми<br>⁕ децата од едно родителски семејства<br>⁕ лицата изложени на социјален ризик<br>⁕ лицата кои злоупотребуваат дроги, други психотропни супстанции, прекурзори и алкохол<br>⁕ лицата жртви на семејно насилство<br>⁕ лицата жртви на трговија со луѓе<br>⁕ старите лица без семејна грижа<br>**Активностите што се преземаат се состојат од:**<br>⁕ вонинституционални и институционални облици на социјална заштита<br>⁕ домување<br>⁕ подигање на свеста на населението за потребите од обезбедување на социјална заштита<br>**Општината** може самостојно, од сопствени средства, да финансира и програма за социјална заштита на граѓаните од своето подрачје, над нивото што го обезбедува Републиката.<br>**Општините** можат да основаат јавни установи за институционална и вон институционална заштита, освен центар за социјална работа и јавна установа за сместување на деца и младинци со нарушено поведение.<br>Тоа значи дека во рамките на **општината** може да се основаат дневни центри за: деца на улица; корисници на дрога и алкохол; бездомни лица; жртви на семејно насилство; за лица/деца со пречки во менталниот или телесниот развој; мал групен дом; советувалиште. |

| | |
|---|---|
| | Во рамките на институционалната заштита, **општината** може да основа установа за сместување на деца: без родители и родителска грижа; со пречки во менталниот и телесниот развој;  установа за стари лица (дом за стари лица)<br><br>Парична помош за социјално домување на корисници на постојана парична помош- општината го определува начинот на остварување и обезбедува средства од буџетот на општината<br><br>**Здружение** може да врши одредени работи од социјална заштита утврдени со Законот за социјална заштита, доколку е регистрирано за остварување на цели и задачи од областа на социјалната заштита.<br><br>Како цели и задачи од областа на социјалната заштита се сметаат:<br><br>- социјална превенција,<br><br>- развој и обезбедување на услуги од социјалната заштита на лица, семејства и  групи на граѓани изложени на социјален ризик,<br><br>- развој и унапредување на социјалната заштита и<br><br>- развој и унапредување на волонтерската работа во општината. |
| | **Закон за заштита на децата** |
| | Заштитата на децата е дефинирана како организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика.<br><br>Државата и единиците на локалната самоуправа се грижат за давање соодветна материјална помош на родителите за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување на развој на установи и служби за заштита на деца.<br><br>Во врска со материјалната помош на родителите, општината може правата за заштита на децата (детски додаток, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче, партиципација и родителски додаток за дете) да ги обезбеди во поголем обем над нивото што го обезбедува државата, доколку за тоа обезбеди средства од сопствени извори, уредувајќи го со сопствен акт начинот и критериумите за остварување на правото.<br><br>Во врска со организирањето и обезбедувањето на развојот на установите и службите за заштита на децата во Законот се дефинирани елементите поврзани со начинот на работење на градинките што се во надлежност на општината и тоа во делот на сопственоста, финансирање, инвестиции и одржување. |

**Преглед на постојни услуги во Република Македонија во системот на социјална заштита**

| Резиденцијални установи | Корисници | Услуги |
|---|---|---|
| **ЈУ Дом за доенчиња и мали деца Битола** | Деца без родители и родителска грижа од 0 до 3 години | -згрижување (домување, исхрана, облекување, нега и грижа) и здравствена заштита на децата<br>-може да се организира привремено сместување и престој на самохрана невработена бремена жена еден месец пред породувањето и самохран родител до тримесечна возраст на детето. |
| **ЈУ Детски Дом 11 Октомври** | Деца без родители и родителска грижа од 3 до 18 години 3 години | -згрижување (домување, исхрана, облекување, нега и грижа) и воспитание на децата до обезбедувањето на услови за нивно враќање во семејството, односно до оспособување за самостоен живот и работа, а најдолго до шест месеца по завршување на средно образование, ако не постојат можности згрижувањето да се обезбеди на друг начин. |
| **ЈУ за згрижување на деца и младинци со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение** | деца и младинци со воспитно-социјални проблеми од 7 до 18 години или до завршување на средното училиште | -прифаќање и краткотрајно згрижување на малолетни лица, опсервација и дијагностика на малолетни лица, сместување, воспитание, образование и корективен третман на малолетно лице во зависност од нивните потреби во траење до три години.<br>Установата обезбедува основно и средно образование на децата и младинците во соодветните установи за образование. |
| | деца и младинци со нарушено поведение, на возраст од 10 до 18години | -згрижување, воспитание и основно образование на малолетни лица, а средното образование го обезбедува во соодветни установи за образование.<br>Установата извршува воспитна мерка упатување во воспитна установа, во согласност со прописите за извршување на санкциите и упатување во соодветна установа, поради нарушување во поведението |
| **ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци Скопје** | деца и младинци со умерени и тешки пречки во менталниот развој | -опсервација, рехабилитационо-корекционен третман ,воспитание, образование и оспособување за работно-производна активност, сместување, згрижување и здравствена заштита. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Културно -забавни, спортски и други активности во зависност од потребите и психофизичките способности и можности на лицата со умерени и тешки пречки во менталниот развој.<br>-за возрасните лица со умерени и тешки пречки во менталниот развој може да организира дневен и полудневен престој, згрижување и<br>работно-производна активност и работна терапија |
| **ЈУ Специјален Завод**<br>**Демир Капија** | лица со пречки во менталниот развој | - сместување, згрижување, здравствена заштита, рехабилитација, работна и окупациона терапија, во согласност способности и здравствената состојба на корисниците.<br>-Установата може да организира дневен и полудневен престој, згрижување, работно-производна активност и работна терапија |
| **ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско** | деца и младинци со пречки во телесниот развој | - згрижување (домување, исхрана, нега и грижа) до оспособување за самостоен живот и работа.<br>Обезбедува основно и средно образование, организира стручна помош за успешно совладување на воспитно-образовните програми, организира различни облици на работа и живот и се грижи за здравјето на корисниците. |
| **ЈУ за сместување на лица баратели на право на азил**<br>**Сигурна куќа**<br>**Прифатно транзитни центри во Винојуг и Табановце** | баратели на право на азил<br>Во Сигурната куќа се сместуваат ранливи групи меѓу кои се и малолетни лица и малолетни лица без придружба, постои една менаџирана од ЈРС | сместување, исхрана, културно-забавни и рекреативни активности, услуги на социјална<br>работа и други услуги, согласно со минимумот на стандардите за прифаќање на баратели на<br>азил, утврдени со меѓународни акти, ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија. |
| **Центар за лица - жртви на семејно насилство** | Жртви на семејно насилство<br>Постојат 4 центри во рамки на центрите за социјална работа | Дневно и привремено прифаќање и згрижување на жртвите кое може да трае најмногу три месеца со можност за продолжување за уште три месеца, давање советодавни услуги, услуги во врска со исхрана, дневен престој, згрижување, одржување на хигиената и културно-забавни активности. |

| | | |
|---|---|---|
| | (Скопје, Св. Николе, Битола) | Сместувањето во центарот за лица - жртви на семејно насилство може да продолжи најмногу за уште шест месеца. |
| **Центар за лица - жртви на трговија со луѓе** | Жртви на трговија со луѓе, постои еден центар во Скопје, менаџиран од Отворена Порта/Ла Страда | обезбедува привремено прифаќање и згрижување на овие лица, кое може да трае најмногу шест месеца, давање советодавни<br>услуги, услуги во врска со исхрана, дневен престој, згрижување, одржување на хигиената и културно-забавни активности |
| **Центар за лица бездомници** | 2 центри, еден за резиденцијално сместување и еден за дневни услуги, менаџиран од Црвен Крст | Обезбедува дневно и привремено прифаќање и згрижување на овие лица преку давање советодавни услуги, услуги во врска со исхрана, дневен престој, одржување на хигиената и културно-забавни активности. |
| **Установи за вонинституционална заштита / нерезидентни установи / дневни услуги** | **Број** | **Услуги** |
| **Центар за социјална работа**<br>**ЈУ ЦСР Гевгелија е месно надлежен за населението ( 34 431 ) на општините Гевгелија, Дојран и Богданци** | 30 центри во РМ | Во ЦСР се решава за сите права од социјална заштита и се укажува вон институционална помош на граѓаните. Оваа институција ги обединува јавните овластувања и стручната социјална работа |
| **Дневни центри за лица со посебни потреби**<br><br>**Во Гевгелија постојат дца центи, еден е организациона единица на Центарот за социјална политика, а другиот е менаџиран од Фондацијата,,Аполонија,,** | 29 дневни центри, од кои 25дневни центри за лица со умерена и тешка ментална попреченост, 1 за деца со церебрална парализа и 1 за деца со оштетен вид на предучилишна возраст во Скопје, и 2 за деца со аутизам во Скопје и Штип. Во рамките на ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци-Скопје, како посебен оддел функционира | Дневниот центар за лицата со умерени и тешки пречки во менталниот развој и на лицата со тешки пречки во телесниот развој им обезбедува дневно згрижување, работно-производна активност, работна терапија и други активности на овие лица и може да врши оспособување за работно-производна активност, заради нивно вклучување во секојдневниот живот. |

| | | |
|---|---|---|
| | дневниот центар за лица со интелектуална попреченост над 26 годишна возраст. | |
| **Дневен центар за деца на улица** | 3 дневни центри во Скопје, 2 во рамки на ЈУ МЦСР на град Скопје , 1 раководен од Здружението на граѓани за заштита на правата на децата | Дневниот центар за улични деца - деца на улица на овие деца и на членовите на нивните семејства им обезбедува лична хигиена, исхрана, воспитно-едукативни услуги, советувалишна работа, културно-забавни и рекреативни активности.<br>Во дневниот центар за улични деца - деца на улица може да се организира интервентно згрижување на децата заради преземање мерки на нивна заштита, најмногу до 24 часа. |
| **Мал групен дом** | дете без родители или без родителска грижа,<br>со воспитно-социјални проблеми,<br>со пречки во менталниот или телесниот развој,<br>лице со ментална или телесна попреченост, кое нема соодветни услови за живеење во своето семејство, кое нема семејство или од други причини му е потребно сместување во мал групен дом.<br><br>Постојат два МГД :<br>**МГД Берово** во кој се сместени 7 деца беа родители и родителска грижа (податок август 2017 ).<br><br>**МГД Кавадарци** во кој се сместени 4 деца до 14 година со воспитно социјални проблеми (податок август 2017 ) | грижа за сместените лица а најмногу до десет лица, од двата пола, на начин најблизок до семејното живеење и опфаќа помош за оспособување за самостојно живеење на корисниците, нивно вклучување во општествената заедница, одржување на контакти со блиски сродници, во зависност од потребите на лицата кои се сместени во малиот групен дом.<br><br>Мал групен дом може да се основа во еден станбен објект во населено место.<br>Мал групен дом може да се основа како установа за социјална заштита, организационен дел на установа за социјална заштита или друго правно лице. |
| **Организирано живеење со поддршка** | -лице со ментална или телесна попреченост, | Самостојно и организирано живеење во посебна станбена единица со постојана |

| | | |
|---|---|---|
| | -деца без родители и родителска грижа и<br>-деца со воспитно-социјални проблеми,<br>Постојат:<br><br>1.станбени заедници за организирано живеење наменети за лица со ментална или телесна попреченост раководени од НВО,, Порака, (состојба април 2017 г. ) сместени се 81 корисници во две станбени заедници во Волково, Скопје и Неготино<br><br>2.Станбени заедници за организирано живеење наменети за деца без родители и без родителска грижа на возраст од 15 – 18 години, раководени од СОС Детско Село Македонија,<br><br>Во станбените единици ( куќи ) во Скопје (Бардовци и Радишани) се сместени вкупно 30 деца, | или повремена помош од стручни или други лица во остварување на основните животни потреби, социјални, работни, културни, рекреативни и други потреби. Нивото на поддршката се определува во согласност со потребите, видот и степенот на попреченост на корисникот.<br>Поддршката за организирано живеење може да ја организира центарот, установата која сместува лица и здружение. |
| **Советувалиште** | - жртви на семејно насилство,<br>- сторители на семејно насилство,<br>- со нарушени партнерски, семејни и односи родители - деца,<br>- деца и младинци со воспитно-социјални проблеми,<br>- идни родители и<br>- лица со ментална попреченост и нивните родители | психо-социјални услуги и психо-социјален третман<br><br>Советувалиште може да се основа како посебна установа за социјална заштита или како организациона единица на установа или друго правно лице.<br>Советувалишни услуги можат да обезбедуваат и физичко лице и здружение |

| | | |
|---|---|---|
| **Сместување во згрижувачко семејство** | се обезбедува на лице кое нема услови за живеење во своето семејство или од други причини му е потребно сместување во згрижувачко семејство:<br><br>-дете без родители и дете без родителска грижа до оспособувањето за самостоен живот и работа, а најдоцна до завршување на средно образование,<br>-дете со социјални проблеми (злоставувано, занемарено и социјално не обезбедено дете) и дете жртва на семејно насилство.<br>-малолетни сторители на кривични дела или прекршок<br><br>Со состојба јуни 2017 год. во Македонија има регистрирано 177 згрижувачки семејства во кои се сместени 322 лица од кои 304 се деца. | Согласно возраста на згриженото лице, здравствената состојба и индивидуалните потенцијали и потреби, згрижувачкото семејство обезбедува: сместување и згрижување во своето семејство, исхрана, нега ,општа и лична хигиена, грижа за здравјето, воспитание и образование /дневен центар, неопходна облека и обувки, услови за задоволување на етичките, културните, забавните и рекреативните потреби, има обврска да овозможи редовните контакти со родителите, блиските сродници согласно насоките дадени од центарот за социјална работа. |
| **Услуги развиени од граѓански сектор – добри пракси** | | |
| **Отворена порта** | Програми наменети за намалување на ризици од трговија со луѓе - Информирање и лобирање Превенција и Едукација и Социјална Асистенција | Во време на мигрантската криза, ЛА СТРАДА обезбедуваше услуги од психосоцијален карактер во транзитно прифатените центри, ,,ВИНОЈУГ,, и ,,ТАБАНОВЦЕ,, и во Центарот за баратели на право на азил Визбегово |

| | | |
|---|---|---|
| | Програма за придружна социјална работа за социјално ризични категории наменета за лица под висок ризик од трговија со луѓе и тргувани лица кои не се сместени во прифатилиштето<br><br>Работа со деца повратници од земјите на ЕУ<br><br>Програма за поддршка на баратели на азил<br><br>Сервис - Прифатилиште<br><br>Прифатилиште за згрижување на жртви од трговија со луѓе<br><br>Поддржува волонтеризам, спроведува обуки за волонтери и обезбедува практична работа во разни активности на организацијата | |

| | | |
|---|---|---|
| **СОС Детско Село** | СОС ДЕТСКО СЕЛО, покрај згрижувачката улога, се фокусира и на превенцијата и поддршката на децата кои се наоѓаат во состојба на ризик и се во опасност да бидат отфрлени од нивното природно семејно опкружување а со тоа и да ја изгубат заштитата и грижата од своето биолошко семејство. Програмите за зајакнување на семејства имаат за цел да спречат отфрлање на децата од нивните семејства и од заедницата. Ова се одвива преку континуирана поддршка која им се укажува на семејствата со цел да ја зајакнат нивната родителска способност да се грижат за своите деца, како и преку зајакнување на безбедносните мрежи за запоставените деца (децата во ризик) и нивните семејства во рамките на заедницата. Програмите се спроведуваат во две општини, Гази Баба и Шуто Оризари и во неа до сега се подржуваат 200 деца и 70 семејства | Во време на мигрантската криза, СОС Детско Село обезбедуваше услуги за деца од мала возраст во детските простори во ,,ВИНОЈУГ,, и,, ТАБАНОВЦЕ,, |

| | | |
|---|---|---|
| **Црвен крст** | Позитивно искуство од волонтерска работа, особено за деца со посебни потреби, хуманитарни активности за сиромашни семејства, врсничка едукација | Активно присуство на претставници на Црвениот Крст во хуманитарната помош, во семејното обединување во време на мигрантската криза. |
| **Регионален центар за одржлив развој Гевгелија** | Организација е посветена на обезбедување можности за интеграција граѓани-институции, вклучување на граѓаните и младите во општествените случувања | Актуелно, во партнерство со други национални и регионални организации спроведува регионален проект ,,HELP ON THE ROUTE,, |
| **Фондација Аполонија** | Фондацијата Аполонија поддржува и спонзорира образование, културно наследство, грижа за животната средина и проекти коишто им помагаат на поединци, групи, општества и институции за унапредување на нивните активности за подобрување на целокупната заедница. Фондацијата е силно посветена на развој на волонтеризмот, и развојот на правата на децата и лицата со попреченост | Дневен центар за лица со попреченост<br><br>Центар за волонтеризам |
| **ЗГ Поддршка** | Поддршка на ранливи и маргинализирани групи граѓани | Реализира проекти за здрави животни стилови, надминување на асоцијално однесување преку промовирање на позитивни вредности ,помош и заштита на млади кои злоупотребуваат дрога, превенција од насилство и трговија со луѓе, социјална инклузија на деца и млади од неразвиени подрачја, превенција од семејно насилство, актуелно се реализира проект |

| | | |
|---|---|---|
| | | за обука на локалното население за сензибилизирање за потребите на мигрантите, а планираат и обука преку дебатирање за одредени теми со младите - како форум театар |

## Прилог 3 – Програми и Стратегии

### Национална Програма за развој на социјалната заштита 2011-2021

**Основна цел** на *Програмата* е развој на интегриран, транспарентен и одржлив систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисникот.

Во делот на социјалните услуги, ќе ги наброиме само оние кои се од интерес на таргет групите на Проценката, за кои Програмата предвидува и овозможува:

- обезбедување на понатамошен развој на вон институционалните социјални услуги, со воведување на ново право на самостојно живеење со поддршка и основање на мали групни домови;
- продолжување на процесот на децентрализација со давање можност општините да воведат и други права од социјална заштита, како и поврзување на локалните програми со Националната програма за развој на социјалната заштита;
- Проширување на видот на договорни социјални услуги кои ќе ги вршат и други даватели на социјални услуги преку објавување на јавни повици.
- Утврдување на прецизни критериуми за вклучување на физички и правни лица како даватели на советодавни услуги (финансирање на услугите, лиценца, цена на услуга, траење на услугата, упатување и др.).
- Збогатување на мрежата на центри за дневно и привремено прифаќање и згрижување, преку отворање на дополнителни центри, територијално распоредени согласно со локалните потреби на населението: дневни центри за стари лица; клубови за стари лица; дневни центри за деца на улица; дневни центри за корисници на дрога и алкохол; дневни центри за лица со ментална или телесна инвалидност.
- Воведување и имплементација на формата социјални центри за социјализација и ресоцијализација на стари, инвалидни лица, деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено општествено поведение во кои акцент се става на корисно, продуктивно и позитивно ангажирање во спортски, културни, рекреативни настани, развивање на вештини и потенцијали кај корисниците, поттикнување на активен живот преку вклучување во животот во заедницата. Оваа форма може да се реализира од страна на граѓански организации, општини и други локални субјекти преку кофинансирање и партиципација од корисници.
- Промовирање на волонтерската работа во центрите за дневно и привремено згрижување преку систематска и координирана соработка со соодветни образовни установи, НВО, хуманитарни и верски организации.
- Развивање на форми за поддршка на семејства во социјален ризик (кризни центри за деца од семејства во социјален ризик, семејни помагатели и други).
- Воведување на формата интегрирани центри за локални социјални услуги од страна на општините со можност за кофинансирање и партиципација од корисници. Овие

центри ќе даваат информации за расположливите услуги за различни категории корисници во социјален ризик, ќе даваат помош при избор на потребната социјална услуга, директно ќе нудат услуги за помош и нега во домашни услови од различен вид и др.

Актуелните промени во современото општество се одвиваат во правец на промовирање на се поголемо преземање индивидуална одговорност на граѓанинот и семејството за сопствениот живот, развој, напредок и сигурност. Во овој процес, заедницата е обврзана да им ја обезбеди на граѓаните соодветната поддршка. Системот на социјална заштита како основен столб на оваа поддршка за граѓаните кои се нашле во положба од социјален ризик треба да обезбеди разновидност на услуги со кои ќе се овозможи не само ублажување на последиците, туку и излез од настанатата состојба. Потребно е услугите да бидат лесно достапни, пристапни, да постои можност за избор согласно со потребите на граѓаните и дизајнирани така да граѓанинот како корисник на овие услуги да биде во фокусот на вниманието. Оваа цел може да се постигне преку широка и развиена мрежа на даватели на услуги на централно и локално ниво, преку активно вклучување на општините, невладините и верските организации како и приватната иницијатива. Програмата предвидува можност различни правни и физички лица, вклучувајќи ги и здруженијата на граѓани, да се јават како даватели на одредени социјални услуги, во согласност со воведувањето на принципите на децентрализација, деинституционализација и плурализација во социјалната заштита.

Од корисниците на услугите во системот на социјална заштита се очекува покрај користењето на одредени услуги да ги јакнат своите и потенцијалите на семејството. Корисникот треба да учествува во процесот на заштита, да презема дел од конкретните активности, и одговорност за сопствената социјална сигурност.

Носители за реализација на Програмата се: МТСП, ЗСД, ЦСР и УСЗ, општините, граѓански сектор, образовни, здравствени институции.

**Национална Стратегија за превенција од малолетничко престапништво**

Помеѓу повеќето сегментите на кои оваа Стратегија се осврнува се и превентивните програми, местото и улогата на сите чинители кои треба да создатат услови и да ја обезбедат благосостојбата и сигурноста на децата и младите, на национално и локално ниво. Па така, стратегијата нагласува дека се потребни напори од страна на целото општество за хармоничен развој на младите /адолесцентите со почитување и унапредување на нивната личност уште од најраното детство.

Услуги и програми за превенција треба да се развиваат на локално ниво и да бидат поддржани од институциите во заедницата, претставниците на граѓанското општество, како и учество на младите. Младите лица треба да имаат активна улога во општеството и треба да се сметаат како субјекти, а не како пасивни објекти на социјализација или контрола.

Семејната заедница, заедницата пошироко и институциите воопшто може да се јават и како фактори за ризично однесување, но истовремено и како заштитни фактори за растот и развојот на децата и младите.

Семејството - креатор на услови во кои детето се развива, односно може да биде креатор на социјално исклучување или пак креатор на околности кои ќе се сметаат за заштитни и ќе влијаат во градењето отпорност на ризиците кои го опкружуваат детето.

Образованието - организираното и конструктивно минување на слободното време е нишка која овозможува учење, развивање на социјални вештини, дружење со одговорни луѓе, воведување рутина, одговорност, тимска работа и сл. Учеството во такви активности овозможува натамошна конструктивна социјализација со позитивно дружење со врсници, но и со други возрасни. *Потребно е да се развиваат Програми за менторство за деца во ризик, едукативни центри за родители кои во изминатите години постоеја во рамки на ЦСР.*

Како ризични фактори кои постојат во заедницата во која живеат децата и младите, а кои може да влијаат на појава на престапништво / ризично однесување, се: ниският степен на економски развој, можностите за сторување криминал во заедницата, не сигурното соседство (хроничното насилство во заедницата, сиромаштијата, економската депривација, нискиот квалитет на домување и здравствена заштита ), слаба или немоќна локална заедница да се справи со проблемите. Од друга страна, пак, заедницата може да претставува и заштитен фактор, доколку на пример овозможува постоење на алатки кои ќе ја заменат или дополнат на некој начин социјализирачката функција која недостасува во семејството или училиштето. Така, можностите за одредени културни, спортски и други рекреативни активности, волонтерство или други ангажмани кои на конструктивен начин би го исполниле времето на децата и младите се едни од алатките кои заедницата може да ги понуди. Од друга страна, пак, дружењето со врсници во заедницата може да претставува заштитен фактор, но се разбира во зависност од квалитетот на односи и влијанието кое групата го има врз индивидуата, дали е позитивно или негативно. Проактивна локална заедница и позитивно настроени граѓани ќе овозможат активирање на заедницата и артикулирање на тековите во неа, кои ќе бидат во корист на нејзиниот подмладок.

Неопходно е креирање партнерства со граѓанското општество ( бизнис заедница, религиски заедници, младински групи, други здруженија на граѓани).

Помеѓу мерките и активностите кои се предвидуваат во Стратегијата се и планирање на облици на рекреација и други активности кои зависат од претходно утврдените можности, кои се директно врзани за самата локална самоуправа. Бесплатно користење на спортски сали, базени, центри за рекреација, отворање креативни центри и културни катчиња, центри од областа на заштита на животни и здрава животна околина и сл. се само некои од начините за конструктивно и корисно минување на слободното време и стимулирање здрави животни навики, одговорност, тимски дух и сл.

Некои од облиците на социјално вклучување на деца во млади во ризик се и обуки за учење вештини, доквалификација, овозможување услови за организирано користење на слободното време, развивање менторство како механизам за социјално вклучување. Да се изнајдат методи за развивање програми за учество на децата во ризик за преземање на одговорност преку нивно вклучување во одредени активности на ниво на локална заедница, како хуманитарни активности, помош на стари и изнемоштени, грижа за животната средина или животните, помош на деца, или друг вид на активност која развива

одговорност кај децата /младите. За таа цел потребно е да се воспоставуваат партнерства/соработка со младински организации, организации за заштита на правата на децата, релевантни здруженија на граѓани или институции и други елементи на граѓанското општество.

**Стратегија за демографски политики на Република Македонија 2015-2024 година**

Стратегијата предвидува неколку области адресирани на младите и на младите семејства на кои ќе делува меѓу кои се: поддршка на младите лица за подобрување на нивниот статус во општеството преку програми на образование, личен и професионален развој ,вработување, создавање предуслови за брак и семејство, поддршка на семејствата во развојот и грижата за децата, ***усогласување*** на семејните обврски и работата, промовирање на родовата еднаквост и унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје, во контекст на планирање на семејството.

Заради поттикнување на одговорно родителство потребно е развивање на мрежата на советувалишта за брак и семејство, подобрување и доследно имплементирање на законските одредби во однос на малолетничките бракови, како и проширување на мрежата на едукативни центри за родителите и зајакнување на нивната улога.

Заради вклучување на децата во процес на рано учење и развој и вклучување на родителите на пазарот на трудот потребна е надградба на системот на вонинституционални и алтернативни форми на згрижување на деца на локално ниво.

Со цел активна промоција и негување на меѓу генерациската солидарност, потребна е поддршка на различни чинители во општеството и развивање на форми за вклучување на младите во волонтерските активности за градење меѓу генерациска солидарност во заедницата.

**Прилог 3 – Стратегија и студија за млади**

**Национална Стратегија за млади 2016-2025 година**

Националната стратегија за млади на Република Македонија 2016-2025 ги поставува основните принципи и насоки за акција на сите чинители во општеството кои ќе водат кон подобрување на социоекономската положба на младите и кон создавање на средина која ќе им овозможи на младите да ги остваруваат своите права, потреби и интереси. За потребите на оваа стратегија, терминот млади се однесува на сите лица на возраст од 15 до 29 години. Тоа е категорија која во себе носи огромен потенцијал, како клучен ресурс за општествен напредок, но и особена ранливост на социоекономските променливо општеството.

**Стратегијата се темели на следниве приоритети:**
-Овозможување подобар животен стандард и еднакви можности за квалитетен живот.

-Креирање услови за почитување и заштита на фундаменталните права и слободи, и систематска интеграција и интеракција на различни категории млади.
-Креирање на можности за вклучување на младите во следење и спроведување на политиките и одлуките кои ги засегаат.
-Еднаков пристап до квалитетно образование и други форми на личен и професионален развој.

Стратегијата предвидува интервенции во девет клучни области:

***-младинско учество*** - се очекува да се подобри преку *Зголемен број на изворни младински иницијативи и здружувања, редовни, континуирани и заеднички активности на институциите, организациите и младите во согласност со интересите на младите, Обезбедување финансиска поддршка од страна на локалните и националните власти во насока на поттикнување на младинско учество, Обезбедување на означаен институционален фокус на млади преку Агенцијата за млади и спорт, Обезбедени соодветни ресурси за имплементација на младински политики и механизми за младинско учество.*

-***младинско информирање*** -*Младинско информирање е најчесто замислено како систем од активности преку кои се пренесуваат информациите до младите. Гледиштето на младите е дека младинското информирање е граѓански процес на споделување на информации односно комуникациски процес помеѓу институциите и младите, младите и младите, но и младите и институциите.*

***-локална младинска работ*а** - *Клучни предизвици во оваа област со која се соочуваат младите се поврзани со фактот дека младинската работа не е препознаена како клучна алатка за помагање на позитивниот личен и социјален развој на младите. Младинската работа не е формално регулирана, стандардизирана интегрирана како дел од системот на воспитание, образование и заштита на младите, и истата не е подеднакво достапна за младите во различни региони од земјава.*

***-Образование*** - *од аспект на оваа стратегија која за целна група ги има младите луѓе, посебно битно е вклучувањето на младите во процесите на развој на квалитетно образование и интегрирање на нивните ставови и потреби како на ниво на политики така и во практиката.*

***-вработување и поддршка пред вработување*** -*надминувањето на состојбата со висока младинската невработеност бара системски, комплементарен и координиран пристап на различни полиња и политики (образование, труд и социјална заштита) заради комплексноста на факторите кои влијаат на нејзиното создавање Креирање на достапни можности за сите млади да се стекнат со компетенции (знаења, ставови, вештини) кои се барани на пазарот на трудот. Младите како проактивни и креативни партнери во процесот на надминување на невработеноста, и обезбедување на систематска и координирана поддршка за развој на младинско претприемништво.*

-***култура*** - *Клучни предизвици дефинирани во оваа област се: недостатокот на редовни културни настани за млади (концерти, мултимедијални настани) во места надвор од Скопје, незаинтересираност кај младите да посетуваат културни настани и културни институции, но и новата медиумската култура која се наметнува кај младите за сметка на книжевноста, за која нема доволно медиумска писменост.*

*Младите многу ретко имаат интерес за креативно уметничко творење во организирана форма и тие за жал не го познаваат влијанието на медиумската култура како и манипулациите кои креираат негативен контекст за туѓата култура.*

***-спорт-*** *За развивање на спортот кај младите потребна е соработка на сите засегнати страни вклучувајќи тука децентрализиран пристап и соработка на локално ниво, како и активно вклучување на граѓанскиот сектор, заради мотивирање на младите за нивно активно вклучување во спортските активности.*

***-здравје-*** *Клучните предизвици во областа здравје се поврзани со растечкиот тренд на ризични однесувања меѓу младите во Македонија поврзани со сексуално и репродуктивно здравје, зголемената тенденција на употребата на алкохол, тутун психоактивни супстанци, зголемената појава на случаи на насилство (врсничко и родово базирано), силеџиство, повреди меѓу младите, млади на улица и запоставување, зголемени последици од неправилна исхрана, прекумерна тежина, анорексија и булимија како и зголемен број случаи на повреди и смртност кај младите како последица на сообраќајни несреќи. На овие предизвици се надоврзува и недостаток на центри за поддршка ,третман, рехабилитација и ресоцијализација, слабата информираност на младите за програмите и активностите кои се имплементираат од страна на различните институции и организации, недостатокот на активности за идентификација и третман на менталните нарушувања на здравјето кај младите луѓе, советување за самоспознавање и интервенции и слабото ангажирање околу фокусирани ранливи групи и скенирање на нивното севкупно здравје и потребна поддршка.*

***-квалитет на живот*** *Најголеми проблеми со кои се соочуваат младите во Република Македонија, а од кои директно зависи квалитетот на живот на младите луѓе се малите можности за осамостојување на младите ,преку вработување, нискиот младински стандард, несоодветниот рурален развој кој дополнително ја отежнува состојбата на младите во руралните средини, влошениот квалитет на воздух и уништувањето на животната средина кои директно влијаат на влошување на квалитетот на живот не само кај младите, туку кај целата популација. За да се подобри квалитетот на животот потребен е целокупен напредок, кој мора во себе да ги вклучи сите овие заложби и потреби на младите со цел да обезбеди услови за понатамошен развој на младите индивидуи во активни и прогресивни граѓани кои се залагаат за унапредување на целокупниот индивидуален и општествен развој.*

Заради достигнување на зацртаните цели во Стратегијата се предвидува вклученост на заинтересирани страни на сите нивоа согласно нивните улоги и надлежности, централна и локална власт, граѓанскиот сектор, бизнис заедница, образовни институции, медиумите, родители и семејства и секако младите.

**Студија за младите во Република Македонија -2013**

( Истражување спроведено од Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 2013 година)

*Истражувањето било спроведено на 1026 млади на возраст од 15 до 29 години, на национално ниво, а југоисточниот регион е претставен со 8 % од анкетираните испитаници.* Биле истражувани осум тематски целини: Животен стил и слободно време,

Убедувања и припадност, Семејство и општество, Грижи и аспирации, Образование и вработување, Демократија и политика, Управување и развој, Нацијата и светот.
Студијата покажува дека младите во Македонија најмногу доверба имаат во членовите на потесното семејство, роднините и пријателите, а најмалку им веруваат на политичките и религиозните лидери.

Најголем дел од младите живеат со своето семејство, најмногу од практични причини или затоа што тоа, едноставно, се смета за „нормално". Во иднина посакуваат да стапат во брак, на возраст меѓу 25-28 години и да имаат, главно две деца.

Влијанието на семејството е очигледно и во процесот на носење одлуки, каде што таткото сѐ уште го има најголемото влијание, иако постои одреден процент на млади кои можат да носат одлуки самостојно.
*Постои ниска вклученост во волонтерски активности*, и висок степен на хомофобичност во поглед на хомосексуалноста и различни етницитети, што укажува на нискиот степен на отвореност кон различностите.

Кај младите постои незадоволство од финансиската состојба, што расте пропорционално со возраста. Економската состојба дури 71% ја оценуваат како лоша или многу лоша и имаат негативни прогнози за истата во следните години.

Половина од младите размислуваат да ја напуштат земјата, најмногу од финансиски причини, а третина од нив не би се вратиле никогаш.

Најпосакувано работно место кај младите е јавната администрација, а работното место сметаат дека се добива со помош на пријателски и политички врски.

Силната ориентација кон семејството е изразена и во поглед на политичките убедувања, кои кај голем дел се слични со оние на родителите. Постои голема заинтересираност за политичките случувања во земјата, но не и за случувањата во регионот, Европа и светот. Сепак, и покрај недовербата и постои одреден степен на оптимизам во поглед на евроинтеграцијата на Македонија, каде што гледаат надеж за економски и политички прогрес на земјата.

Студијата ги обработува осумте тематски подрачја низ повеќе прашања:
***-Животниот стил на младата македонска генерација***, е согледан преку осознавање на активностите на кои младите најчесто го посветуваат слободното време, трендовите коишто важат за модерни помеѓу младите, навиките во сексуалниот живот и нивните консумирачки навики.

За потребите на Проценката ќе се осврнеме само на некои сегменти од оваа тема:
- Младите во слободното време најчесто слушаат музика или излегуваат со пријателите.
- Момчињата почесто излегуваат со пријателите и спортуваат, отколку девојките, коишто, пак, почесто читаат книги, за разлика од момчињата.
-Во Македонија младите луѓе немаат навика да одат в кино. Само 3% од младите од урбаните средини одговориле дека одат в кино.
- Местата каде што вообичаено се собираат и забавуваат младите, се кафулињата и дискотеките.
-Младите по 4 часа на ден се на Интернет, а 3 часа пред ТВ.
-Интернетот, главно, се користи за facebook и „чатување", но, исто така, и за „сурфање", гледање/слушање видеа/музика и читање online новости.
-Една четвртина од младите консумираат цигари и алкохол.
-Пушењето и пиењето алкохол се покарактеристични за момчињата, отколку за девојките

***-Убедувања и припадноста*** *се согледани преку:* довербата што ја имаат младите во другите (кому веруваат), колку се отворени за поединци со: различна етничка, географска, сексуална, социјална припадност, причини за дискриминација врз различна основа, нивните општествени вредности, нивната вклученост во волонтерски активности, како и

главните причини за таа вклученост, и нивната религиозна припадност и степен на практикување на религијата.

За потребите на Проценката ќе се осврнеме на сегментот, младите како волонтери,,:
-Се забележува многу ниската вклученост на младите во волонтерските активности: само 12,8% од сите испитани млади одговориле потврдно на прашањето дали сте биле вклучени во некоја волонтерска активност во последните 12 месеци?
-Најчесто споменувана главна причина за вклучување во волонтерските активности од страна на младите, испитаници во студијата, е потребата да се чувствуваат активни/вклучени во заедницата (28% од волонтерите ја избираат оваа причина како главна), чувството на посветеност кон другите и желбата за практикување на професионалните знаења/вештини, кои, исто така, се избираат како главни причини.
-Вид на волонтерска активност во која најчесто се вклучува македонската младина е помош и поддршка на некои од ранливите/маргинализираните групи, како што се: сиромашните лица, старите и изнемоштените, инвалидизираните лица, децата без родителска грижа, самохраните родители... (над 45% од волонтерите се активни во овој дел). Потоа, според зачестеноста, следат градењето и одржувањето на зелените површини, како и поддршката или обуката за странските јазици.

***-Семејство и општество –*** оваа тематска целина е истражена преку следните сегменти: односите на младите со своите семејства (родители, браќа и сестри),влијанието на семејството врз нивните важни животни одлуки, нивните проекции за иднината во однос на бракот, брачниот партнер, семејството и децата.
Низ одговорите на прашалниците констатирано е дека :
-Младите најмногу им веруваат на членовите на своето семејство, на своите роднини и своите пријатели.
-Најприфатливи за блиски соседи за младите во РМ се студентските двојки, семејствата од САД, како и семејствата од Западна Европа. Кон оваа група припаѓаат и македонските семејства

***- Грижите и аспирации на младите*** се истражувани преку миграционите трендови кај младата генерација и причините за напуштање на родното место и/или родната земја, како и останатите состојби кои предизвикуваат загриженост кај младите и, во голема мера, влијаат врз нивните одлуки за иднината. Во посебен дел се измерени ставовите на младите за: моралот, потребата од социјални релации, довербата, алтруизмот, хедонизмот и локусот на контрола.

За потребите на Проценката ќе се осврнеме на следните заклучоци :
-Скоро една третина од младите сакаат да се преселат во друг град/село во земјата, заради подобар животен стандард и вработување.
-Младите од источниот и североисточниот регион покажуваат најголеми аспирации за иселување на други места внатре во земјата.
-Младите од полошкиот регион покрај желбата за подобрување на економскиот стандард, во голема мера тоа би го сториле и поради поквалитетно високо образование.
-За секој млад човек од југоисточниот регион кој размислува да живее во странство, не постои друга причина освен финансиската.
-Внатрешната миграција е насочена кон Скопје, како место со најголеми можности за вработување, забава и културни содржини.
-Половина од младите размислуваат да продолжат со животот во друга земја, најмногу поради финансиски причини.

-Младите со завршено средно образование, покажуваат најголеми аспирации за заминување надвор од земјата.
-Младите од руралните средини преферираат да мигрираат на други места внатре во земјата, а младите од урбаните средини - надвор од земјата.

***-Образование и вработување*** – опишани се ставовите на младите за: образованието, мотивацијата, оптовареноста, личните вложувања, аспирациите за продолжување на образованието и формата на образованието, како и ставовите за квалитетот на образованието и можноста да најдат работа по завршувањето, вработувањето и професијата, посакуваниот сектор за вработување, факторите кои ги сметаат за значајни да се најде денес работа во Македонија, како и факторите кои ги сметаат значајни да прифатат некоја работа или да се вработат, како и подготвеноста на младите за отворање сопствен бизнис.

-Младите од урбаната средина во поголем процент учествуваат во високо образовните институции, особено старосната група од 20-24.
-Многу мотивирани и мотивирани за училиште/факултет се скоро половина од испитаниците, односно многу немотивиран и немотивиран е секој десетти испитаник
- на прво место зошто би продолжиле со образованието е да добијат диплома
-Најпосакуван сектор за вработување кај младите во Македонија е јавната администрација, со 39%, но со сличен процент е и желбата да работат во приватен/бизнис сектор (34%). Најмалку сакаат да работат во НВО (4%). Процентот за работа во меѓународни организации, исто така, е низок и изнесува 13%. Не знаат каде сакаат да работат 6%, а за нешто друго се определиле 4% од младите.
-Фактори кои се најзначајни за младите за да прифатат одредена работа (да се вработат) се: „платата”, втор по значење е „сигурното работно место”, трет задоволството од работа” и четврт „да работиш со луѓе кои ти се допаѓаат”.
-Дека воопшто не се подготвени да започнат сопствен бизнис се изјасниле 37% од испитаниците, а спротивно на нив, 25% сметаат дека се подготвени. Донекаде и малку подготвени се сметаат 38%.

## Прилог 4

### Како да се разбере младинската работа во заедницата

*Публикација- работен документ.* ***Вања Калаба****, B.Sc. with major in Education; Community Youth Work*

,, Денешните млади често се опишуваат и како *генерација без перспектива* или *изгубена генерација*, од една страна се зборува за нив дека се многу незрели, а од друга страна пак дека побргу созреваат во однос на стапувањето во сексуални односи, или пак дека се неодговорни, агресивни, со нарушени вредности. Набљудувањето на младите само низ горенаведените карактеристики т.е. проблеми, нè доведува до ситуација службите што работат со младите да креираат краткотрајни програми кои делумно ја согледуваат комплексната слика на развојот на младите, а не холистичко.

Ваквиот пристап се нарекува **проблемски ориентиран пристап кон младите**, и главно резултира со краткотрајни и „ad-hok“ програми кои се концентрирани на обидот „гаснење на огнот“ и решавање на проблемите каде и да се појават.

На овој начин општеството покажува немоќ да искористи и канализира еден од најголемите потенцијални ресурси за просперитет. Еден од најпознатите проблеми, кој ни го соопштуваат најголемиот дел од младите, е тоа дека скоро никогаш нив лично не ги прашуваат што сакаат и кои се нивните приоритети. Како последица, поголемиот дел од младите наведуваат дека се чувствуваат исклучени и дека тоа доведува до зголемување на пасивноста и немоќта и дека не можат да ја согледаат и да ја препознаат нивната улога во општеството. Кога ја анализираат својата положба, младите честопати го наведуваат недостатокот и не адекватноста на информацијата и **недостатокот на службите кои се занимаваат со младите на адекватен начин.**

Спротивно на овој пристап, се наоѓа **развојниот пристап на младите**. Младите се лакмус хартија на општеството, со самото тоа овој пристап е насочен кон холистичкото согледување на младите во рамките на контекстот во кој се наоѓаат, како и на прифаќање на младите како огромен потенцијал во општеството. Развојниот пристап го карактеризираат долгорочните решенија, препознавање на потребите и развивање на програми со цел да им се помогне на младите да ги развијат нивните полни потенцијали и да ги искажат своите капацитети како активни граѓани на општеството и да му овозможат на општеството да извлече корист од нивниот интелектуален капитал.

*Младинската работа* е процес на креирање на опкружување во кое младите можат доброволно да се вклучат во активности при што се применуваат методи на неформално образование. Младинската работа е планирана програма на образование, креирана со *цел* да се поддржуваат младите во процесот на осамостојување, така што младинскиот работник им помага во личниот и социјалниот развој за да станат активни членови на општеството.

**Основни карактеристики на младинската работа**

• Младинската работа мора да им овозможи рамноправни можности на младите.

• Базирана е на професионалниот однос помеѓу младинскиот работник и младите и не е задолжително поврзана со формалното образование на младинските работници.

• Ги третира младите како партнери, односно младите како своја целна група, а никако како клиенти, ученици и пациенти.

• Ги поддржува младите во развивањето на сопствениот систем на вредности и социјалните вештини, и го потпомага нивниот процес на осамостојување и интеграција во општеството како активни граѓани.

• Им дава можности на младите, но младите одлучуваат дали ќе учествуваат во младинската работа.

• Ги охрабрува младите да бидат критични во однос на сопственото искуство и светот околу себе.

• Им дава поддршка на младите да донесат (информирани) одлуки во врска со личните одговорности во општеството и заедницата.

• Се надополнува со формалното образование и така младите се поттикнуваат на остварување на сопствените потенцијали.

• Работи заедно со останатите актери од сите сектори на општеството за да може општеството да одговори на нивните потреби.

Младинската работа примарно се фокусира на развивање на потенцијалите кај младите, а не на намалување на ризичното однесување, но мораме да имаме на ум дека младите честопати се наоѓаат во ***ризични ситуации***. Според тоа, младинската работа првенствено има холистички пристап, а не еднодимензионален со фокус на едно специфично однесување, на пр. конзумирање на психоактивни супстанции, насилство или крадење. Младинската работа ги поддржува младите во развивање на сопствениот систем на вредности и социјалните вештини, за да им се помогне полесно да донесуваат информирани одлуки, да избегнуваат ризични однесувања, да ја преземаат одговорноста за сопствениот живот и конструктивно да придонесуваат за развојот на општеството на кое му припаѓаат.

**Видови младинска работа:**

**Отворена младинска работа** - нуди простор (на пр. младински центар или младински клуб) што во принцип е отворен за сите млади од локалната заедница. Во најголемиот број од случаите просторот (време и програма) е воден од страна на младински работници кои ги водат програмите кои, исто така, ги поддржуваат младите сами да ги водат програмите и активностите. Активностите во слободно време зафаќаат голем дел од отворената младинска работа, но во неа се вклучени исто така и активностите што се фокусирани на социјалното образование и едукативните задачи, како и *outreach* активностите се со цел да се опфатат повеќе млади луѓе со посебен акцент на маргинализираните групи на млади.

**Учество и образование по пат на учење од врсници -** Учество значи да се има право, средства, простор, можност и поддршка (доколку е потребно) за учество во процесот на донесување одлуки и вклучување во акции и активности што придонесуваат во градењето на општеството. Акциите што се креирани да промовираат учество на млади, вклучуваат различни пристапи за остварување на активно граѓанство (на пр. преземање активни улоги во организирање на здруженија на локално, национално и европско ниво). Овој тип на младинска работа ги вклучува младите во одговорни и предизвикувачки акции што се базираат на вистински потреби со можност за планирање и донесување одлуки и остварување на заеднички цели. Младинските асоцијации играат централна улога во лобирање за интересите на младите, даваат можности за учество и учење од врсници. Тие овозможуваат формално и неформално образование, примарна превенција и можност за социјална интеграција, пријателско опкружување и општествен модел на учење од своите врсници. Младинските асоцијации, покрај различните сфери на дејствување, им нудат различни можности на младите.

**Превенција од социјално исклучување / социјална младинска работа -** наменета за превенција од социјалното исклучување опфаќа советување, поддршка, образование, тренинзи и можности за вработување на маргинализираните групи и поединци. Со програмите се овозможува социјална интеграција во берзата на вработување и премин во зрелоста.

**Младинска работа базирана на слободно време (рекреација) -** Активностите за време на слободното време подразбираат игри, спорт, културни активности, забава и

услуги на заедниците со цел развој на физичките, интелектуалните и другите потенцијали на младите. Овие активности обезбедуваат специфични можности за социјализација и креирање на места и можности за вклопување на животите на младите во модерната структура.

Во последно време, превенцијата и рекреативните активности стекнале специфична важност бидејќи им нудат можности на младите кои живеат во тешки животни услови. Иако на прв поглед не изгледа така, овој тип има целно - образовен карактер, бидејќи младите учат да ги развиваат вредностите на прифаќање, разбирање и емпатија. Воедно, младите учат по пат на имитација во односот со младинските работници кои претставуваат примери за нив. Понекогаш овој тип на младинска работа го претставува првото скалило за младите активно да се вклучат во вон школската младинска работа.

**Советување на младите -** Советувањето на младите е фокусирано на специфичните прашања и проблемите на младите. Им дава информации и поддршка која е базирана на професионална техника на советување и ги упатува на други институции доколку е потребно. Советувањето може да покрива проблеми околу училиштето, професионалната ориентација, вработувањето, кризните интервенции во односите, проблемите поврзани за семејството, здравјето и правните прашања.

**Информирање на младите -** се состои од сеопфатни, кохерентни и координирани услуги кои се лесни за користење, за разбирање, економски достапни и се базираат на специфичните потреби на младите. Услугите се обезбедуваат преку младинските информативни сервиси или центри и се распространети низ сите информативни канали, посебно низ оние што се најмногу користени од страна на младите, како што се интернетот и мобилните телефони. Една од целите на информирање на младите е да им се овозможи достапност на информации. Информирањето, исто така, им помага на младите при ориентацијата во постмодерниот свет и ги учи како да доаѓаат до информации, како да ги селектираат и проценуваат. Целта на информирањето на младите е зголемување на нивните можности, низ директни и индиректни неутрални информации за јавните прашања, за да тие бидат способни да донесат независни, информирани одлуки што ќе ги водат кон организирање на сопствениот живот.

**Младински клубови и културни центри** - Ова се места што немаат јасна, однапред одредена структура на своите активности и каде што постои голем простор за креирање на програмите во хармонија со потребите и интересирањата на младите. Овие клубови и центри се можност за организирање на широки палети на активности како и можен простор за средби на различни групи на млади луѓе. Клубовите и центрите, исто така, се значаен ресурс за изградба и едукација на голем број како на млади, така и на професионалци.

**Корист од младинската работа**

| **За заедницата** | **За младите** |
|---|---|
| Развој на општество во кое младите имаат изградени демократски вредности, поради тоа се способни свесно, активно и одговорно да придонесуваат во развој на демократско, граѓанско, успешно општество. | Холистички пристап во развојот на младите |

| | |
|---|---|
| Севкупен систем на образование – формалното образование заедно со неформалното, кое што му е комплементарно, му даваат холистички пристап на воспитанието и на образованието на децата и младите | Развивање на самодоверба и способност кај младите |
| Развој на мулти- етика и мултикултура | Младите добиваат можност со нив да се работи со примена на иновативни методи на работа |
| Структурна грижа за младите, за да се развијат структури кои ќе ги перцепираат младите како ресурси и за да се добијат активни членови на општеството | Поголем избор на квалитетни институционални и надворешно институционално – образовни, превентивни, развојни програми во различни области |
| Можности за развој и засилување на поединци, а силните поединци се основа за развој на општеството | |

**Прилог 5 - Документи за младите од локално значење**

**Анализа,, Ставовите на младите во општина Гевгелија по однос на младинските потреби** ,,*јули 2010 година Автори:* *М-р Елизабета Марковска Спасеноска, М-р Марија Нашоковска*

Со цел фокусирање на најприоритетните проблеми за младите, во Гевгелија преку реализација на фокус група и анкетирани 40 млади лица на возраст од 15 до 29 години, утврдени се приоритети: култура и спорт, младинско информирање, младински активизам и иницијативи, учество на младите и волонтерство. Генерално, наодите во сите приоритетни сфери укажувале дека е потребно да се отпочне од почеток со цел координирано и систематски да се делува.

Истражувањето укажува дека потребни се многу повеќе информации да се дистрибуираат до младите за тие да осознаат каква е состојбата во приоритетните сфери и да можат да делуваат, да се работи на подигнување на свеста кај младите за важноста од нивно активно учество при креирање не само на нивниот сопствен живот туку и условите и животот на другите млади во општината, потребата од воспоставување младински информативен центар во општината како и потребата за воспоставување младинско тело во рамки на општината преку кое младите ќе бидат вклучени директно во донесувањето одлуки кои ги засегаат нив.

Од анализата на наодите според приоритетни области, состојбата е следна:

***Култура и спорт***

Младите делумно се заинтересирани за култура и спорт во општина Гевгелија. Тие многу малку покажуваат проактивност за да го збогатат својот културен и спортски живот и многу малку се ангажираат преку своите организации и преку институциите за

развој на спортот и културата. Образовните и културните институции, како и спортските клубови го организираат културниот и спортскиот живот и се главни понудувачи на настани. Локалната самоуправа пружа поддршка во организирањето на културни и спортски настани и издвојува средства од буџетот првенствено за спорт, но и за култура. Условите за развој на културата и спортот не се адекватни.

Потребно е реновирање на најголем дел на постоечките културни и спортски објекти за да може истите да функционираат. Но дури и во случаите кога постојат соодветни услови, нема соодветна културна понуда која би ги задоволила младинските потреби.

Планирањето на културниот и спортскиот живот во градот не е систематско и стратешко и не ги вклучува младите како консументи на култура и спорт. Тоа резултира со делумно задоволство кај младите од понудените содржини.

***Младинско информирање***

Информираноста на младите во општина Гевгелија за работите кои ги засегаат нив е на ниско ниво, односно делумна. Клучна причина за ваквата состојба е не заинтересираноста на младите да бидат повеќе информирани. Тоа понатаму предизвикува состојба во која младите не знаат и не можат да ги искористат можностите кои им се нудат за да си го подобрат сопствениот живот.

Од друга страна, институциите кои би требало да го осмислат младинското информирање и да се грижат за воспоставување ефективни и ефикасни формативни канали, не се доволно координирани и не се трудат доволно да ги доставаат информациите до младите. Непостоењето на младински информативен центар оневозможува младите да имаат едно место кое ќе го препознаваат како информативна точка. Ваквата состојба ја ублажуваат постоечките младински НВОи кои се трудат да ги информираат младите. Како најчести пренесувачи на информации до младите се јавуваат образовните институции и медиумите.

***Младински активизам и иницијативи***

Како и општо во државата, така и во општина Гевгелија може да се констатира отсуство на младински активизам и недостаток на младински иницијативи. Не информираноста на младите за можностите за финансиска и креативна реализација на нивните идеи го поткопува и онака слабиот активизам кај младите. Исто така младите малку се информирани што се презема во општината од страна на младинските НВОи и локалните институции за разрешување на некои младински проблеми. Истовремено, во општината на младите им недостигаат места и можности за креативно изразување. Тие оваа потреба ја нагласуваат како најбитна за младите, заедно со потребата од добро образование и работни места.

***Младинско учество***

Младите во Гевгелија многу малку знаат каква е состојбата со младинското учество во општината. Имено, најголемиот дел од нив не биле никогаш вклучени во институциите при донесување одлуки кои ги засегаат нив, а исто така најголемиот дел изјавиле дека не знаат дали постојат некакви младински тела преку кои се обезбедува учеството на младите. Наодите од анкетата јасно укажуваат дека не постои доволна едуцираност ниту кај младите, а уште помалку кај возрасните за младинското учество во локалните институции.

Уште еднаш младите потенцираат дека најмногу можат да придонесат доколку бидат вклучени во донесувањето одлуки во училиштата. Меѓутоа еден дел од младите на возраст од 20 – 24 години укажуваат и на потребата од вклученост при донесување одлуки во општинската администрација.

***Волонтерство***

Иако поголемиот дел од младите вклучени во анкетата волонтирале досега, сепак општиот впечаток е дека во општината младите во Гевгелија ретко волонтираат. Постои позитивна перцепција за волонтерство и правилен поглед на клучните придобивки од волонтерството. Ова наведува на потребата од поголема промоција на волонтерството и информирање на младите и на локалните институции за законската рамка во РМ по однос на волонтерството и за предностите од волонтирањето и вклучувањето волонтери во работата на институциите.

Врз основа на реализираното истражување, констатираните состојби и дадените препораки во однос на задоволување на младинските потреби општина Гевгелија изготвила Локална младинска стратегија.

***Локална младинска стратегија за Општина Гевгелија, за период* 2011- 2015 година** во која преку зацртаните долгорочни цели за секоја од приоритетните области се нудат решенија кои ќе им помогнат на младите да го подобрат и олеснат својот живот

***Култура и спорт-*** Овозможување активно учество на младите во културниот и спортскиот живот во општина Гевгелија преку поттикнување на младите да учествуваат во културно уметничките и спортските активности, зголемување на достапноста на културните и спортските објекти за младите луѓе, систематски пристап во планирање на културниот и спортскиот живот во Општина Гевгелија

***Младинско информирање -***Зголемување на информираност на младите и подобрување на пристапот до информации, потребни за младите (креирање на веб портал со информации за младите во согласност со нивните потреби, зголемена информираност преку информативни и огласни табли) и иницирање на механизми за младинско информирање (воспоставување на Младински информативен центар во Гевгелија).

***Младински активизам и иницијативи*** - Зголемено учество на младите во општествениот живот во Гевгелија, преку креирање на механизми за зголемување на младинскиот активизам и иницијативна локално ниво (Зголемување на бројот на младинските иницијативи, Воспоставување на фонд за младински иницијативи, Обезбедување на средства за реализација на младинските иницијативи (ЛС, бизнис сектор, граѓани).

***Младинско учество-*** Зголемено учество на младите во донесување на одлуки на локално ниво. Воспоставување на модели на младинско учество во Општина Гевгелија (формирање на Совет на млади во рамки на општината, вклучување на претставници на младите и младинските здруженија на граѓани во работата на сите локални тела и комисии, јавни установи кои во доменот на своето работење опфаќаат сфери на интерес на младата популација), подигнување на свеста за потребата од младинско учество

(креирање на Тренинг програма за обучувачи за младинско учество и програма за едукација на младите и институциите за младинско учество).

***Волонтерство-*** Креативно исполнување на слободното време на младите во корисни и социо-едукативни активности преку едукација за придобивките од волонтерската работа на младите луѓе.

> *Планираните активности во Стратегијата се делумно реализирани, или 50%,најмногу во делот на спорт и култура, Во однос на информирањето поставени се младински информативни табли во училиштата и на факултетот, но не и низ градот, како што било планирано, Младински Информативен центар не е формиран, туку Младински парламент кој е формиран од НВО-составен од 120 претставници избрани од секој клас и од факултетот- функционирал 2 години, а потоа не. (Податоци добиени од дискусија во фокус група )*

**Прилог 6 - алатки за собирање податоци**

## ВОДИЧ ЗА ИНТЕРВЈУ СО ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ

На подрачјето на општина Гевгелија се реализираат активноста во рамки на кои се прави Идентификација и Проценка на потребите на младите во општина Гевгелија и недостатоците на општината во однос на услуги за деца и семејства кои имаат потреба од специјализирана заштита. Проценката ќе се реализира со методологија која покрај другото опфаќа и 15 интервјуа, со заинтересираните страни и надлежни институции.

Во подготвителната фаза лоцирани се ентитети чие мислење, информации и податоци се релевантни за изведба на проценката, согласно нивните мандати, искуствата во работа со наведената таргет групи и заинтересираност за развој на програми, услуги или сервиси за таргетот.

Листа на лоцирани ентитети

**Министерството за труд и социјална политика** кое е надлежно да ги планира и развива услугите кон своите граѓани, како и кон граѓани кои се затекнале на територијата Републиката( мигранти, бегалци), согласно законски и стратешки документи за развој на социјалната заштита. (2 претставници)

**Заводот за социјални дејности –Скопје-** како институција која ги следи и проучува социјалните појави и проблеми на територијата на РМ, регионално и на ниво на општини, ја следи заштитата на граѓаните изложени на социјални ризици и испораката на услуги кон нив, учествува во мапирање на состојбите, ресурсите и потребите. Преку следење на состојбите по одредени ризици располага со податоци за потребите од развој на услуги на локално ниво за одредени ризични групи.(2 претставници)

**Локалната самоуправа-општина-** покрај другите надлежности планира и развива услуги за своите граѓани согласно нивните потреби, а особено за ранливите категории граѓани(1 претставник од општина Гевгелија)

**Центарот за социјална работа -** во системот за социјална заштита е надлежна институција за обезбедување соодветна заштита на лицата изложени на социјални ризици, а особено на децата и нивните семејства преку развој на превентивни активности, примена на соодветни форми на заштита и услуги од социјална работа ( по еден од ЦСР Гевгелија, ЦСР Валандово и ЦСР Струмица)

**Прифатно транзитен центар**- ресурс на државата кој прифаќа и дава услуги на лица мигранти (1 претставник од прифатно транзитен центар Винојуг)

**Граѓанските организации –** кои согласно законските надлежности и своите програмски активности даваат услуги кон ранливи групи граѓани, млади, бегалци, мигранти.( по еден претставник од: Отворена Порта/Ла Страда, СОС Детско село, Црвен Крст и 3 претставници од организации од Гевгелија.

За изведба на интервјуто развиена е листа на прашања кои ќе се користат како потсетник за време на интервјуто за да се опфат сите релевантни теми во интервјуто со можност за флексибилност и дополнителни прашања согласно надлежноста/искуството на интервјуираниот.

Прашања за интервју

Ве молиме по Вашето претставување да го дадете Вашето мислење во однос на:

1.Какви услуги за младите во РМ постојат?

2.Какви услуги постојат за деца /семејства во ризик( злоупотребени, занемарени, деца на улица )?

3.Согласно стратешките документи какви услуги може да развиваат општините, НВО, за младите и децата?

4.Кое е вашето досегашно искуство во програмирање/давање услуги за деца и млади.

5.Колку од овие услуги се развиени во Гевгелија?

6.Дали е предвидено развивање на услуги во југоисточниот регион (Гевгелија)?

7.Какви услуги би можеле да се развијат за децата без придружба /мигранти?

## ВОДИЧ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДИСКУСИЈА ВО ФОКУС ГРУПИ

Фокус групите кои се составени од 10-15 учесници претходно избрани по одреден критериум во рамки на методологијата за дизајнирање на примероците се еден од изворите на податоци за проценка на потребите –со што се обезбедува партиципативност (вклученост) на различни учесници од заинтересираните страни.

Во рамки на проценката ќе се одржат **фокус групи**:

**МЛАДИ -**

1.МЛАДИ ( 15- 24 години)

**СЕМЕЈСТВА/РОДИТЕЛИ**

1. СЕМЕЈСТВА НА ДЕЦА ВО РИЗИК -( злоупотребени, запоставени ,изложени на насилство, самохрани родители, со асоцијално однесување)

2.СЕМЕЈСТВА СО ДЕЦА- ( без средства за егзистенција-корисници на парични права и невработени со деца во образование, разведени родители, жртви на семејно насилство )

**ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ ЗА МЛАДИ И ДЕЦА**

**1.ЈАВНИ УСТАНОВИ ОД ГЕВГЕЛИЈА (ЦСР, ВРАБОТУВАЊЕ, МВР, ОБРАЗОВАНИЕ, ЗДРАВСТВО)**

**2.ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ КОИ ДАВААТ УСЛУГИ ЗА МЛАДИ** И **ДЕЦА**

***Сценарио за изведба на дискусијата во фокус групите***

**1.Претставување на модераторот и целта –темата на фокус групата**

**2.Претставување на секој од учесниците**

**3.Поставување на фокус точки за дискусија** :

- Какви услуги постојат во општината за младите, децата/семејствата ?
- Кои од услугите тие ги користат?
- Кои даватели на услуги ги испорачуваат?
- Колку се задоволни од квалитетот на дадените услуги ?
- Што недостасува кај постојните услуги ?
- Од какви услуги имаат потреба ?
- Какви услуги би можеле да развијат ЛС, НВО, јавните институции ?

**4.Заклучна дискусија и сумирање на предлозите**

## АНКЕТА - ПРАШАЛНИК ЗА МЛАДИ

Би те замолиле да одвоиш дел од твоето време и да го дадеш твоето мислење за прашањата кои следат. Нивна цел е да испитаат какви услуги за тебе како млад човек нуди општина Гевгелија, колку си задоволен од нив и што е она што недостасува за да имаш задоволство од животот во вашата општина . Знаејќи го твоето мислење и милењето на другите млади луѓе, ќе се добие подобра слика за твоите потреби и може да се искористи при планирањето на развој на услуги на локално ниво наменети за младите.

1. Име и презиме ( не е задолжително )
   ______________________________________________

2. Возраст
   - 15-19
   - 20-24

3. Пол
   - Машки Женски

4. Образование ---------------------------------

5.Место на живеење

- град
- село

6.Моментален статус

- ученик
- студент
- вработен
- невработен

7.Каде и како го поминуваш слободното време ?

---

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

8.Имаш ли хоби ?

- да не

9.Ако одговорот е да –кое е твоето хоби ?

---

10.Дали членуваш во некои организации ?

- да не

Ако членуваш наведи во кои ?

---

---

11.Какви услуги за младите на твоја возраст постојат во општина Гевгелија ?

---

---

12.Дали користиш некои од  тие услуги ?

- да                    не

13. За каков вид услуги имаш потреба ?

- информативни
- советодавни
- креативни
- рекреативни
- друго --------------------------------------

14.Имаш ли потреба од некои посебни услуги, наведи кои ?

______________________________________________________________

______________________________________________________________

15.Услугите  ти се потребни заради ?

- развој на лични компетенции
- подобрување на информираноста
- зголемување на  иницијативноста
- советување за одредени прашања
- помош и поддршка
- дружење
- друго -----------------------------------------------

16.Што  за тебе е најприоритетна услуга?

______________________________________________________________

17. Кој би можел да ја развие оваа услуга?

- локалната самоуправа
- јавните институции во општината
- НВО
- Некој друг?---------------------------------

18.Имаш ли искуство од доброволна/младинска работа?

- да              не

19.Ако одговорот е да, каков вид/ во која област, доброволна работа?

20.Дали би сакал/а во иднина да се вклучиш во  такви активности ?

- да                    не

21. Ако одговориот е да, каков вид/ во која област, доброволна работа?

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

22. Дали би се вклучил/а во некои активности со деца мигранти ?

- да                         не

23..Простор за дополнителен коментар

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

**ТИ  БЛАГОДАРИМЕ!**

**Користена литература**


- Закон за социјалната заштита
- Закон за семејство
- Закон за заштита на децата
- Закон за правда на децата
- Конвенција за правата на детето
- Студија за младите во Република Македонија 2013 год,
- Стратегија за демографски политики на Република Македонија 2015-2024 година
- Национална програма за развој на социјалната заштита 2011 -2021
- Како да се разбере младинската работа во заедницата
- Национална стратегија за превенција на малолетничко престапништво
- Ставовите на младите во општина Гевгелија по однос на младинските потреби
- Локална младинска стратегија за општина Гевгелија 2011-2015
- Национална стратегија за млади 2015 – 2026
- Извештај за работа на ЈУ МЦСР Гевгелија 2016 година
- Извештаи и информации изготвени од ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје
- Извештај за алтернативна грижа за не придружувани и одвоени деца мигранти/бегалци во Република Македонија, април 2017 година
- Електронски локации на национални и локални институции, интернет-страниците на невладините организации базата на податоци Lirikus, податоците од Државниот завод за статистика
- Извештај за Стручна помош за подобрување на услугите за заштита на ранливи деца во ризик од насилство и злоупотреба, август 2017 година, Junction